
ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

ЗА

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИНДУСТРИСКА ЗОНА НОВО СЕЛО, ВО М.В. КОШУТИЦА, КО НОВО СЕЛО-ВОН Г.Р., ОПШТИНА НОВО СЕЛО

Н А Ц Р Т И З В Е Ш Т А Ј



Октомври, 2023 година

Enviro resources
CONSULTING COMPANY
www.enviroresources.com.mk
Лондонска бр.19 ТЦ - Тафталиџе/с3 лок 1 и 2, Скопје
тел/фак: 26138-360

Со цел навремено да се согледаат можните негативни влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето, како и социо - економските аспекти од реализација на УПВНМ за индустриска зона Ново Село, во м.в. Кошутица, КО Ново Село-вон г.р., општина Ново Село и согласно член 65, став 2 од Законот за животна средина („Сл. Весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22), се наложи потребата за спроведување на Стратегиска оцена на животната средина.

Извештајот за Стратегиска оцена е потпишан од Експерт за Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина (видено од Копија на потврда, дадено во прилог).

Во подготовката на Извештајот за Стратегиска оцена на влијание врз животната средина учествуваа:

Емил Стојановски, дипл. инж. по заштита на животна средина,

Љупчо Аврамовски, дипл. економист,

Кети Андонова, м-р. по менаџмент на човечки ресурси.

Горенаведениот извештај за стратегиска оцена на животната средина согласно член 66 став (5) од Законот за животна средина е потпишан од лице кое е вклучено во листата на експерти за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина која ја води Министерството за животна средина и просторно планирање. Како доказ за истото во прилог на извештајот е дадена копија на Потврдата со број 12-4226/3 од 21.06.2022 година дадена од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Енвиро Ресурси, ДОО Скопје

Управител

Емил Стојановски

Enviro resources
CONSULTING COMPANY
www.enviroresources.com.mk
Лондонска бр.19 ТЦ - Тафталиџе/с3 лок 1 и 2, Скопје
тел/фак: 26138-360

Имајќи предвид потребата од изработка на Извештај за стратегиска оцена врз животната средина за УПВНМ за индустриска зона Ново Село, во м.в. Кошутица, КО Ново Село-вон г.р., општина Ново Село како и одредбите од Законот за животна средина донесувам:

Р Е Ш Е Н И Е
За определување на експерт за изработка на Извештај за стратегиска оцена на животната средина

Емил Стојановски, дипломиран инженер, се определува за овластен Експерт за изработка на стратегиска оцена на животна средина за УПВНМ за индустриска зона Ново Село, во м.в. Кушутица, КО Ново Село-вон г.р., општина Ново Село.

Образложение:

Емил Стојановски, дипломиран инженер, ги исполнува условите пропишани со член 23 став (3), член 72 став (2) и (3) од измените и дополнувањето на Законот за животна средина на (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22) и се стекна со правото да биде вклучен во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Енвиро Ресурси, ДОО Скопје

Управител

_____

Емил Стојановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Број 12-4226/3
Датум: 21-06-2022 година

УВЕРЕНИЕ

за положен стручен испит за стекнување на
статус експерт за стратегиска оцена на животната средина

Стојановски Душан Емил роден на 01.03.1975 година во Скопје, дипломирал на ден 13.09.2007 година на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје на Машински факултет, го положи **стручниот испит за стратегиска оцена на животната средина** на ден 26.12.2012 година, се стекна со **статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина,** ги исполнува условите утврдени во член 23 став (3), член 72 став (1), а во врска со член 27 став (2) и (3) од измените и дополнувањето на Законот за животна средина („Службен весник на РСМ" бр. 89/22), и се стекна со правото да биде вклучена во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Министерство за животна средина и
просторно планирање

Министер
Naser Nuredini

М.П.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Број 12-4349/2
Датум: 21-06-2022 година

УВЕРЕНИЕ

за положен стручен испит за стекнување на
статус експерт за стратегиска оцена на животната средина

Аврамовски Методиа Љупчо роден на 01.03.1953 година во Скопје, дипломирал на ден 22.06.1977 година на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје на Економски факултет, го положи **стручниот испит за стратегиска оцена на животната средина** на ден 30.12.2010 година, се стекна со **статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина,** ги исполнува условите утврдени во член 23 став (3), член 72 став (1), а во врска со член 27 став (2) и (3) од измените и дополнувањето на Законот за животна средина („Службен весник на РСМ" бр. 89/22), и се стекна со правото да биде вклучена во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Министерство за животна средина и
просторно планирање

Министер
Naser Nuredini

М.П

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 30.11.2022 во 16:46:16
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qseal CA G2
Сертификатот е валиден до: 07.11.2024
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

Број: 0805-50/155020220120439

Датум и време: 30.11.2022 г. 16:46:01

/Електронски издаден документ/

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6068448
Целосен назив:	Консултантско друштво ЕНВИРО РЕСУРСИ ДОО Скопје
Кратко име:	ЕНВИРО РЕСУРСИ ДОО Скопје
Седиште:	ЛОНДОНСКА бр.19 ТЦ-Тафталиџе/с3 лок1и2 СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ
Вид на субјект на упис:	ДОО
Датум на основање:	27.1.2006 г.
Деловен статус:	Активен
***Вид на сопственост:**	Приватна
ЕДБ:	4030006576746
Потекло на капиталот:	Домашен
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.3 - друштво со ограничена одговорност
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	419.900,00
Уплатен дел MKD:	419.900,00
Вкупно основна главнина MKD:	419.900,00

СОПСТВЕНИЦИ	
Име и презиме/Назив:	ЉУПЧО АВРАМОВСКИ
Адреса:	ВАСИЛ ЃОРГОВ бр.20-1/40 СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ
Тип на сопственик:	Содружник
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	214.100,00
Уплатен дел MKD:	214.100,00
Вкупен влог MKD:	214.100,00

Име и презиме/Назив:	ЕМИЛ СТОЈАНОВСКИ
Адреса:	БУЛ.КОЧО РАЦИН бр.10/44 СКОПЈЕ, ЦЕНТАР
Тип на сопственик:	Содружник
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	205.800,00
Уплатен дел MKD:	205.800,00
Вкупен влог MKD:	205.800,00

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	74.90 - Останати стручни, научни и технички дејности, неспомнати на друго место
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС	
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	
Други дејности:	Надворешна трговија со прехранбени производи и непрехранбени производи Изведување на градежни работи во странство Посредување и застапување во меѓународниот промет на стоки и услуги Консигнациона продажба Реекспорт Деловни и менаџмент консултантски активности во меѓународниот промет

ОВЛАСТУВАЊА	
Управител	
Име и презиме:	ЕМИЛ СТОЈАНОВСКИ
Адреса:	БУЛЕВАР КОЧО РАЦИН бр.10/44 СКОПЈЕ, ЦЕНТАР
Овластувања:	Управител - Дипломиран инженер по заштита на животна средина
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет
Ограничувања:	*
Овластено лице:	Управител

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
КОНТАКТ	
E-mail:	contact@enviroresources.com.mk

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Содржина:

	Вовед	11
1.	Цели на Планскиот документ	13
1.1	Цели на заштита на животната средина	15
1.2	Специфични цели на Стратегиската оцена	17
1.3	Употребена методологија	19
1.4	Законодавна рамка	20
1.5	Институционална рамка	22
1.6	Содржина на Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина	23
1.7	Резиме	24
2.	Преглед на планскиот документ	25
2.1	Основи на Планскиот документ	25
2.2	Плански опфат	27
2.2.1	Географска и геодетска местоположба	27
2.2.2	Намена на употреба на земјиштето	28
3.	Краток опис и образложение на планските решенија за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура.....	30
3.1	Сообраќајно поврзување	30
3.2	Водоснабдителна мрежа	31
3.3	Фекална и атмосферска канализација	32
3.4	Електроенергетска инфраструктура и ПТТ инсталации....	33
4.	Карактеристики на просторот и сегашна состојба со животната средина	35
4.1	Карактеристики на просторот	35
4.1.1	Сообраќајна поврзаност	35
4.1.2	Рељефни карактеристики	36
4.1.3	Геолошки карактеристики	36
4.1.4	Сеизмолошки карактеристики на теренот	36
4.1.5	Хидротехничка структура	37
4.1.6	Климатски и микроклиматски услови на регионот	37
4.1.7	Население	38
4.1.8	Стопанство	38
4.1.9	Хидротехничка инфраструктура	38
4.1.10	Културно наследство	39
4.2	Опис на сегашната состојба со животна средина во планскиот опфат	40
4.3	Сегашна состојба со животната средина во и околу планскиот опфат	43
5.	Состојба без имплементација на планскиот документ	45
6.	Алтернативи и чинители за избор на алтернатива	46
7.	Претпоставени влијанија врз медиумите на животната средина	48
8.	Мерки за заштита, намалување и неутрализирање на значајните влијанија врз животната средина од имплементација на планскиот документ	54
9.	План на мерки за мониторинг на животната средина	65

10. Нетехничко резиме 67
11. Прилози 76
Додаток 78
Користена литература 81

Вовед

Предмет на овој извештај е УПВНМ за индустриска зона Ново Село, м.в. Кошутица, КО Ново Село-вон г.р., општина Ново Село, за изградба на објекти Г2-лесна и незагадувачка индустрија. Предметниот плански опфат претставува површина со планиран опфат од 29,38 ха.

Оцената на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина и здравјето на луѓето е постапка со која се проценуваат ефектите врз животната средина и здравјето на луѓето од спроведувањето на предложените документи. Целта е можните ефекти да бидат земени во предвид во раната фаза на подготовката на документите вклучувајќи ги и промените на истите.

Цел на Стратегиската оцена е да се интегрира заштитата на животната средина и здравјето на луѓето во процесот на подготвување и донесување на планските документи преку експертска проценка и проценка на јавноста пред донесување на истите.

Подготовката на планскиот документ ги дефинира и јасно ги утврдува основните, а со тек на време и реалните цели и правци во доменот на земјоделството, шумарството, енергетиката, индустријата, туризмот, управување со отпадот, управување со водите, просторното и урбанистичко планирање и користење на земјиштето, како и Националниот акционен план за животна средина и локалните акциони планови за животна средина кои ја налага потребата согласно член 65 од Законот за животна средина од спроведување на Стратегиската оцена на влијанието на животната средина на овие плански и програмски решенија и цели.


Стратегиската оцена на влијанието на животната средина се состои од неколку фази на планирање:

- проверка;
- определување на опфат;
- основни податоци на животната средина;
- оцена;
- подготовка на извештајот за животна средина;
- консултација со засегнатата јавност;
- прифаќање на стратегијата, планот или програмата и
- мониторинг.

При определување на обемот и деталноста на информациите во Извештајот за животна средина, општината е должна да побара мислење од органите кои се засегнати од планскиот документ. Исто така, според Архуската Конвенција и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на РМ” бр. 147/08 и 45/11) член 8, општината е должна да го вклучи учеството на јавноста преку:

- ќе треба да се утврди динамиката и роковите што ќе бидат реални за ефикасно учество на засегнатата јавност;
- нацрт-правилата ќе треба да бидат јавно расположливи, и
- на јавноста ќе треба да и се овозможи да даде коментар.

Постапка за утврдување на неопходност од спроведување на стратеиска оцена (СЕА) за плански документ кој го подготвува локалната управа (Screening)



Министерството за животна средина и просторно планирање јасно ги дефинира основните, а со време и остварливите цели и правци на развојот, особено во поглед на неопходните квалитативни структурни промени и за нив релевантни и адаптибилни решенија и опции. Непосредната поврзаност и меѓусебната условеност помеѓу планскиот опфат и влијанието на животната средина наметнува едновремен, интегрален третман на просторот и дефинирање на долгорочна стратегија за уредување, опремување и користење на просторот и ефикасна заштита на животната средина, природата и културно-историското наследство во регионот.

Посебно внимание е посветено на карактеристиките на користење на земјиштето. Правната и административна рамка, која ги опфаќа основните закони, стратешки планови и стандарди на животната средина, како и процедурите за Стратегиска оцена на животна средина обработени се во посебно поглавје од овој Извештај.

Анализата на алтернативите кои се опфатени со овој извештај укажува на потребата од неминовно спроведување на Стратегиската оцена на влијанието врз животната средина во процесот на планирање заради правилна и поефикасна избрана алтернатива. Очекуваните резултати врз животната средина, препораките и мерките за намалување на влијанијата, како и планот за мониторинг се прикажани и објаснети во посебни делови од овој Извештај.

1. Цели на Планскиот документ

Предмет на овој извештај е изработка на УПВНМ за индустриска зона Ново Село, м.в. Кошутица, КО Ново Село-вон г.р., општина Ново Село за изградба на објекти за лесна и незагадувачка индустрија, комунална супраструктура (градби за производство на енергија и трафостаница) и некомпатибилна инфраструктура (пречистителна станица), по барање на инвеститорот.

Цел на планот е да се создадат услови за планирање на организирани простори за градба кои ќе бидат реализирани од страна на сопствениците на земјиштето и локалната самоуправа.

Мотивот за изработка на овој УПВНМ за овој простор е:

- Конкретни инвеститори со конкретна програма за реализација;
- Природни услови и атрактивност на просторот;
- Цел на локалната самоуправа да го урбанизира и анимира просторот.

Предметниот плански опфат за кој се изработува УПВНМ претставува површина со планиран опфат од 29,38 ха.

За предметниот простор досега не е изработувана планска документација. Овој простор за прв пат се урбанизира и истиот се базира на веќе изработените Услови за планирање на просторот од 2015 година.

Со планираната изградба на предвидените објекти на предметната локација се создаваат нови вредности на поширокиот опфат кој го опфаќа локалитетот, со кои се забрзува економскиот развој на овој дел од општина Ново Село.

Просторот што е предмет на инвентаризација е составен од 1 (еден) дел, чија граница е определена:

- На север по надворешната северна страна на планираната индустриска улица "2", ги сече КП бр. 4077/1 и КП р. 4078/2;
- На исток по источната страна на КП бр. 4078/2, КП бр. 4080 и КП КП бр. 4081/1;
- На југ по северната страна на КП бр. 4083/2, КП бр. 4081/3, КП бр. 4078/4, КП бр. 4084/2, КП бр. 4078/3, ги сече КП бр. 4078/1, КП бр. 6197 и КП бр. 4094, северната страна на КП бр. 6198, КП бр. 4097, КП бр. 4098, КП бр. 4100, КП бр. 4101, КП бр. 4102 и КП бр. 4103;
- На запад по источната страна на КП бр. 4111, КП бр. 4107, КП бр. 4110 и КП бр. 4104, северната страна на КП бр. 4105 и КП бр. 4104 и по источната страна на КП бр. 4070/1; се до појдовната точка на опфатот.

Делот од планскиот опфат содржи број на катастарски парцели. Делот од планскиот опфат и катастарските парцелите се нумерирани (обележани). Во рамки на планскиот опфат кој е со површина од 29.38 ха, односно 293768.66м^2, има евидентирани објекти. Истиот претставува дел градежно неизградено земјиште-НЗ, дел изградени објекти со намена Г4-стоваришта.

Г4-стоваришта, складови и отпади

Во рамките на планскиот опфат има изградени објекти со намена Г4-стоваришта во многу лоша состојба. Истите зафаќаат површина од 50759.51м^2 од површината на планскиот опфат или 17.28%.

Е1.1 Сообраќајни патни инфраструктури

Во рамките на планскиот опфат има земјен коловоз - постоен пристапен пат за пристап до катастарските парцели и истиот зафаќа 2662.23м^2 од површината на планскиот опфат или 0.91%. Земјениот коловоз - постоен пристапен пат се надоврзува на локалниот асфалтиран пат кој го поврзува село опфатот со село Ново Село.

Неизградено земјиште

Останатиот дел од планскиот опфат е неизградено земјиште со вкупна површина од 238803.92м^2 или 81,29% од територијата во границите на планскиот опфат.

Според податоците добиени од Министерство за Култура со бр. 17 - 1796/2 од 04.06. 2020 година, и дописот бр. 08 - 257/3 од 02.07. 2020 година добиен од НУ - Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Струмица, констатитрано е дека на подрачјето на планскиот опфат нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Во предметниот плански опфат нема зеленило кое претставува заштитно природно наследство.

До предметниот плански опфат нема водоводна инфраструктура.

До предметниот плански опфат нема фекална канализација.

До предметниот плански опфат нема атмосферска канализација.

Од електро-енергетски мрежи и објекти евидентирано е 10(20)кВ далновод, чија траса поминува низ планскиот опфат.

Во планскиот опфат нема постоечка трафостаница која ќе ги опслужува објектите во планскиот опфат.

Во планскиот опфат нема изведено јавно осветлување.

Во рамките на планскиот опфат има земјен коловоз - постоен пристапен пат за опслужување на катастарските парцели.

Според податоците добиени од вМакедонски телекомг АД Скопје, од 03.06.2020 година, на предметниот локалитет има постојни телекомуникациски инсталации.

Во границите на планскиот опфат не постои изградена вреловодна мрежа.

Во границите на планскиот опфат нема изградена гасоводна мрежа.

Од анализата на постојната состојба произлегува:

- планирање на градежни парцели и површини за градење со урбанистички параметри во склад со зададеното со Условите за планирање на просторот за изработка на УПВНМ.
- употреба на инструментите на алтернативност, компатибилност и комплементарност за обезбедување на диверзификација на намените - планирање на соодветна инфраструктура и комунална супраструктура со која непречено ќе се опслужуваат сите планирани содржини во просторот и
- задоволување на потребите на крајните корисници на просторот до мерка до која нема да се загрози општото добро.

Урбанистичкиот план со доследна примена на актуелната законска и подзаконска регулатива, треба да предложи развој што ќе овозможи подобар степен на искористеност на градежното земјиште и можност за планирање на просторот (организација, уредување и изградба на објекти).

Нумерички показатели - документациона основа

ПОПИСНИ ЛИСТИ				БРОЈ:			ОПШТИНА НОВО СЕЛО		
ПОПИШУВАЧ 1.БЛАГОЈА РАДЕВСКИ				ДАТА НА ПОПИС:			УПВНМ		
ПОПИШУВАЧ 2.ЛИЉАНА РАДЕВСКА				АПРИЛ 2021 год.			ОПФАТ-29,38 Ха		
нумерација на парцела	нумерација на објекти	улица	катност	површина на парцела м2	површина под објект м2	развиена бруто површина м2	вид на конструкција	состоба на објект	класа на намена
1.1	1.1.1	Ново Село	П	50759.51м2	56м2	56м2	МОНТАЖНА	ЛОША	Г4
	1.1.2		П		180м2	180м2	МОНТАЖНА	ЛОША	Г4
	1.1.3		П		100м2	100м2	МОНТАЖНА	ЛОША	Г4
	1.1.4		П		84м2	84м2	МОНТАЖНА	ЛОША	Г4
	1.1.5		П		95м2	95м2	МОНТАЖНА	ЛОША	Г4
	1.1.6		П		180м2	180м2	МОНТАЖНА	ЛОША	Г4
	1.1.7		П		38м2	38м2	МОНТАЖНА	ЛОША	Г4
Неизградено земјиште				238803.92м2					
Постоечки сообраќај				2662.23м2					
Река. Вода				1543.00м2					
В К У П Н О :				293768.66м2	733м2	733м2	-	-	-

Биланси показатели - документациона основа

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - Постојна состојба		
КЛАСА НА НАМЕНА	Површина м2	Процент %
Г4 - Стоваришта, складови и отпади	50759.51м2	17.28%
Неизградено земјиште	238803.92м2	81.29%
Канал за одводнување на атм. води	1543.00м2	0.53%
Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури	2662.23м2	0.91%
ВКУПНО	293768.66м2	100.00%

1.1 Цели на заштита на животната средина

Заштитата на животната средина подразбира множество на различни постапки и мерки кои го спречуваат загрозувањето на животната средина. Под заштита на животната средина се подразбира не само заштита на човекот туку и заштита на билната вегетација и животинскиот свет. Целите на заштитата на животната средина се заштита на здравјето на луѓето, квалитетот на екосистемите, заштита на растителниот и животинскиот свет и културни добра чиј творец е човекот, зачувување на рамнотежата и еколошката стабилност на природата, рационално и адекватно користење на природните ресурси.

Декларацијата за животната средина е донесена на Светската конференција на Обединетите држави во 1972 година. Стокхолмската конференција за човековата средина, одржана 1972 година ја разбудила свеста и го означила почетокот на еколошката ера и истовремено ја иницирала Париската конвенција на Претседатели на Држави и Влади на земјите од Европската економска заедница, одржана истата година. Во усвоената декларација како основна цел на еколошкиот развој се наведува смалување на ризикот во поглед на условите на живот, подобрување на квалитетот на живеење и да се во остварување на овие цели посебно внимание обрати на заштитата на животната средина. Според тоа,

Европското законодавство кое го има усвоено Советот на Европските економски заедници се нагласи гаранцијата на правото на секој граѓанин на чиста и здрава животна средина.

Во текот на 1992 година во сила стапи Базелската Конвенција, чија што цел е смалување на супстанциите одредени како опасен отпад. Во Мај 2004 година стапи во сила и Стокхолмската конвенција за перзистентни органски загадувачи, со кои ги дефинира 12 екстремно отровни органски загадувачи, барајќи нивна редукција или нивно целосно елиминирање.

Меѓународната правна заштита на животната средина се сведува во најголем дел на меѓународно - правна акција против загадувањето. Сепак, меѓународната регулатива во областа на животната средина сеуште не достигнала на ниво кој би овозможил мирен живот на сите живи суштества на нашата планета. Се донесуваат разни протоколи, конвенции, декларации и др.

Република Македонија, во рамките на евроинтеграциските процеси во животната средина има потпишано голем број на меѓународни конвенции, билатерални договори и протоколи и кои заедно со националните прописи ја сочинуваат правната рамка која го уредуваат управувањето со медиумите на животната средина. Во процесот на апроксимацијата на ЕУ законодавство од областа на животната средина преку транспонирање на ЕУ законодавството Република Македонија ги има донесено следните закони:

- Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22);
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 100/12, 163/13, 10/15 и 146/15);
- Закон за управување со отпад („Сл. Весник на РСМ" бр. 216/21);
- Закон за заштита од бучавата во животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);
- Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 164/15, 63/16 и 113/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 151/21) и др.

Процесот на усогласување со законодавството на ЕУ и во сегашно време е во тек, посебно во техничките барања дадени во анексите на ЕУ Директивите. Листата на релевантни закони и релевантни ЕУ Директиви и меѓународни договори се дадени во точката 11 од овој Извештај. Сите обврски што произлегуваат од овие законски и национални стратешки документи, беа анализирани и земени во предвид при дефинирање на основните цели за заштита на животната средина во планскиот опфат при изготвување на овој Извештај.

Како генерални цели утврдени по овие значајни основи се следните:

- Обезбедување на превентивни мерки на заштита на водните ресурси-подземните води од можните загадувачки емисии на материи од реализирање на планскиот опфат;
- Искористување на обновливите извори на енергија - како чиста енергија, преку имплементирање на концептот почиста средина;

- Воспоставување на перманентен мониторинг на квалитетот на водата, почвата и воздухот;
- Збогатување на шумскиот фонд преку засадување на појас од соодветни дрвни растенија;
- Сочувување на постојниот биодиверзитет и елиминирање на можните контаминации на истиот и негово исчезнување;
- Воспоставување на перманентна соработка во следењето на состојбите во областа на квалитетот на водата, почвата и другите медиуми во животната средина од страна на локалните и Републичките здраствени институции од аспект на сочувување на здравјето на населението;
- Вклучување на јавноста во процесот на мониторирање на состојбите и донесување на одлуки за медиумите во животната средина;
- Воспоставување на база на податоци за состојбата во секој медиум во животната средина на локално и регионално ниво.

Во овој процес се предлага поцелосно имплементирање на горе наведените цели преку реализирање систем на предлог мерки за заштита, одбегнување, намалување, неутрализирање или компензација на негативните влијанија од реализација на предвидените содржини согласно урбанистичкиот план. За таа цел во понатамошниот текст на содржината на овој документ се предлагаат:

⇒ Технички мерки кои треба да се превземат за време на спроведување на планот;

⇒ Препораки за подготвување, донесување и дополнување на плановите и програмите во рамките на спроведувањето на законските обврски во животната средина.

1.2 Специфични цели на Стратегиската оцена

Специфичните цели на Стратегиската оцена на животната средина се дефинирани согласно националната и меѓународна легислатива и се прикажани преку статусот на биолошка разновидност, населението, здравјето на луѓето, материјалните добра, културното наследство и пределот:

- Заштита на животната средина со имплементација на планскиот документ;
- Подобрување на економските услови и зголемување на животниот стандард;
- Правилно управување со просторот заради одржување на постојаното ниво на флора;
- Обезбедување на заштитни зелени појаси и формирање на хортикултурни насади од аспект на појава на бучава;
- Подобрување на квалитетот на воздухот;
- Зачувување на квалитетот на водата;
- Интегрално управување со отпадот и негова селекција за зачувување на почвата, а со тоа и минимизирање на отпадот;
- Минимизирање на појавите од несреќи и хаварии;
- Зачувување на културното наследство;

- Зачувување на карактеристиките на пределот и животната средина.

Врска со други плански документи:

Просторен план на РМ

- Уважување на реалните фактори на развој;
- Превземање стимулативни мерки од страна на државните и други видови поддршка за програми на локалните заедници и стопанските актери;
- Воспоставување на пазарни принципи и формирање соодветна институционална рамка во која ќе можат да функционираат пазарните институции;
- Создавање на регионален диференциран амбиент за стопанисување со помош на соодветна политика.

ЛЕАП на општина Ново Село

- Заштита на воздухот од загадување и подобрување на квалитетот на воздухот;
- Заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води;
- Урбан развој и просторно планирање;
- Развој на еколошко-културен туризам;
- Управување и користење на природните ресурси;
- Да се зачува биолошката рамнотежа на екосистемите;
- Подигање на еколошка свест;
- Примена на алтернативи (обновливи извори на енергија).

Национален еколошки акционен план:

- Да се овозможи интегрирање на политиката за заштита на животна средина во останатите секторски политики;
- Да се поттикнат индустријата, давателите на услуги и другите субјекти во областа на животната средина кон поголема одговорност за заштитата на животната средина;
- Да се дадат насоки за еколошки одржлив пристап;
- Да се зголеми степенот на исполнување на обврските од регионалните и глобалните договори во областа на животната средина.

Програмата за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија

- Одржување, ревитализација и модернизација на постојната и изградба на нова, современа инфраструктура за потребите на производство и користење на енергија;
- Подобрување на енергетската ефикасност во производство, преносот и користењето на енергијата;
- Користење на домашните ресурси (резервите на лигнит, хидроенергетскиот потенцијал, ветерната и сончевата енергија) за производство на електрична енергија;
- Зголемување на користењето на природниот гас;

- Зголемување на користењето на обновливите извори на енергија;
- Економска цена на енергијата;
- Интеграција на енергетскиот сектор во РСМ со регионалниот и европскиот пазар на електрична енергија и природен гас.

Национален план за заштита на амбиенталниот воздух

- Зголемување на користењето на обновливи извори на енергија;
- Зголемување на енергетската ефикасност и
- Користење на обновливите извори за производство на електрична енергија;
- Обезбедување на енергетска ефикасност при производството, преносот и искористувањето на енергијата.


1.3 Употребена Методологија

При подготовката на Извештајот за стратегиска оцена се креираше методологија компатибилна на карактеристиките на просторот опфатен со планскиот документ, планската задача, достапните стратегии и документи.

Постапно се превзедоа следните чекори:

- Се направи првичен увид на сегашните состојби во животната средина во анализираниот плански опфат, неговата околина и пошироко;
- Се оствари разговор со претставници од локалната самоуправа и се реализира разговор за целите на инвестиционите активности и содржини кои ќе бидат опфатени во просторот;
- Подетално се проучија содржините што се предвидени да се лоцираат во планскиот опфат, урбанистичкиот проект, намената и категоријата на земјиштето;
- Детално се разгледаа техничките решенија предвидени за реализација на проектната задача;
- Дефинирани се целите за заштита на животната средина утврдени во стратешките документи на локално, национално и меѓународно ниво;
- Се направи увид на постојната реализирана урбанистичка состојба на подрачјето дефинирано со планскиот опфат (бесправна градба, сообраќаен пристап и сл.);
- Согледување на можните негативни влијанија по животната средина од реализација на содржините предвидени со планот;
- Надминување на негативните влијанија по животната средина од реализација на содржините предвидени со планот;
- Надминување на евентуалните влијанија или нивно ублажување и за таа цел предлагање на превентивни и корективни мерки;
- Предлагање на систем на перманентен мониторинг на состојбите;
- Вклучување и запознавање на сите заинтересирани страни во процесот на изготвување на документот и утврдување на состојбите во животната средина со реализација на планот.

Спроведување на постапка за оцена на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина (СЕА)



При изготвување на Извештајот користена е стручна литература од оваа област, ЕУ Директивите, национални стратешки документи, релевантната законска регулатива, меѓународни договори, просторни и урбанистички плански документи, катастарски скици и други документи релевантни за изработка на документот.

1.4 Законодавна рамка

Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за УПВНМ за индустриска зона Ново Село, м.в. Кошутица, КО Ново Село-вон г.р., општина Ново Село, е изработен согласно постојната законска регулатива во животната средина и природата во Република Македонија:

Закон за животна средина

Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22).

Стратегиска оцена на животната средина

1. Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ" бр. 114/07);
2. Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 153/07);
3. Уредба за стратегиите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ" бр. 153/07 и 45/11);
4. Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 147/08 и 45/11);
5. Правилник за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена („Сл. Весник на РМ" бр. 122/11).

Заштита на природата

Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 63/16 и 113/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 151/21).

Закон за квалитет на амбиентниот воздух

Закон за квалитет на амбиентниот воздух („Сл. Весник на РМ" бр. 100/12-пречистен текст, 10/15 и 146/15).

Закон за урбано зеленило („Сл. Весник на РМ" бр. 11/18 и 42/20).

Управување со отпад

Закон за управување со отпад („Сл. Весник на РСМ" бр. 216/21).

Заштита од бучава

Закон за заштита од бучава во животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15).

Закон за води

Закон за води („Сл. Весник на РМ" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 151/21).

Национална стратегија за управување со отпад (2008-2020)
Национален план за управување со отпад (2009-2015)

Закон за заштита и спасување

Закон за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18).

Просторно планирање
Просторен план на Република Македонија („Сл. Весник на РМ" бр. 39/04).

Закон за просторно и урбанистичко планирање
Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 32/20).

Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22).
Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови („Сл. Весник на РМ" бр. 142/15).

1.5 Институционална рамка

Законот за органи на управата ги дефинира одговорностите на Министерството за животна средина и просторно планирање, како што следи:


- Подготовка на решение во оние случаи во кои не се согласува со одлуката за спроведување, односно неспроведување на СОВЖС или со определениот обем на СОВЖС во одлуката;
- Подготовка на решение за соодветноста на извештајот на СОВЖС за планскиот документ, и;
- Воспоставување и ажурирање на листата на експерти за СОВЖС.

Органи на државната управа/единиците на локална самоуправа кои ги подготвуваат-усвојуваат планските документи имаат обврска за:

- Подготовка на извештајот за СОВЖС;
- Објавување на информации за отпочнувањето на подготвувањето на планските документи и за учество на јавноста во процесот на консултации;
- Објавување на информации за нацрт планскиот документ кој се подготвува и за предлог извештајот за СОВЖС;
- Подготовка на извештајот од консултацијата со јавноста врз основа на добиените коментари и мислења од јавните консултации;
- Комплетирање на извештајот за СОВЖС и на планските документи со добиени мислења и коментари, и
- Мониторинг на влијанијата од имплементацијата на планскиот документ и во случај на негативни ефекти и информирање на МЖСПП.

Министерството за надворешни работи е одговорно за спроведување на прекугранични консултации за СОВЖС во однос на доставување на известување до соседната држава која може да биде засегната од подготовката на планскиот документ или кога Република Македонија може да биде засегната од подготовка на плански документ во соседна држава.

Постапка за утврдување на неопходност од спроведување на стратегиска оцена (СЕА) за плански документ кој го подготвуваат државни органи (Screening)



Други министерства и државни институции со одредени надлежности на полето на заштита на животната средина се:

- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Министерство за транспорт и врски;
- Републички Завод за здравствена заштита;
- Министерство за здравство;
- Управа за хидрометеролошки работи и
- Единиците на локалната самоуправа.

Постои и Парламентарна комисија за животна средина, која соработува со Министерството за животна средина и просторно планирање.

1.6 Содржина на Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина

Спроведувањето на Стратегиската оцена на животната средина е интерактивен процес кој треба да се спроведе паралелно со развојот на планот или програмата. Стратегиската оцена на животната средина е процес за да се осигура дека значителен ефект врз животната средина што произлегуваат од политики, планови и програми се идентификуваат, оценуваат и намалуваат. Важен инструмент за да им се помогне во постигнување на одржлив развој и креирање на политиката е

Стратегиската оцена на животната средина. Посебни бенефиции во Стратегиската оцена вклучуваат:

- Поддршка на одржливиот развој;
- Да се подобрат доказите како добра основа за стратешките одлуки;
- Да се консултираат сите заинтересирани страни во процесот на изготвување на документот и утврдување на состојбите во животната средина со реализација на планот;
- Да се насочат на други процеси, како што се влијанието врз животната средина на оценките врз одделни развојни проекти.

Стратегиската оцена следејќи ги одредбите за содржината на овој Извештај, ги обработува следните содржини:

- Карактеристики на животната средина во областите кои би биле значително засегнати;
- Проблеми од областите кои се од посебно значење за животната средина, а особено од аспект на заштита на дивите птици и хабитатите;
- Целите на заштита на животната средина, одредени на национално или меѓународно ниво, кои се релевантни за планскиот документ и начинот на кој овие цели и сите аспекти на животната средина се земени во предвид за време на нивните подготовки;
- Веројатните значајни влијанија врз животната средина во целина, вклучително и врз биодиверзитетот, населението, здравјето на луѓето, флората, фауната, водата, воздухот, почвата, климатските фактори, културното наследство, пејсажот и материјалните придобивки. Овие влијанија вклучуваат секундарни, краткорочни, долгорочни, трајни и привремено позитивни и негативни ефекти;
- Резиме/краток преглед на причините на алтернативите, опис за тоа како е направена проценката, вклучувајќи ги сите потешкотии (како што се техничките недостатоци) до кои се дошло при собирањето на потребните информации;
- Опис на предвидените мерки кои се однесуваат на мониторингот во согласност со законските обврски;
- Не-техничко резиме на информациите дадени во согласност со барањата наведени во претходните точки.

1.7 Резиме

Врз основа на спроведената Стратегиска оцена на животната средина за УПВНМ за индустриска зона Ново Село, м.в. Кошутица, КО Ново Село-вон г.р., општина Ново Село, органот е должен да ги следи ефектите врз животната средина и здравјето на луѓето со цел во раната фаза да се согледаат евентуалните негативни влијанија напоредно со изработката на планската документација пред да биде прифатлива за имплементација.

2. Преглед на Планскиот документ
2.1 Основи на Планскиот документ

Основна цел изработувањето и донесувањето на УПВНМ за индустриска зона Ново Село, м.в. Кошутица, КО Ново Село-вон г.р., општина Ново Село, е усогласување на планските одредби за реализација на просторот со општите и посебните одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања од Условите за планирање на просторот за изработка на УПВНМ за индустриска зона Ново Село, во м.в. Кошутица, КО Ново Село, општина Ново Село, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр Ү13115 од Јули 2015 година, произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија 2002 Ѓ 2020, изработени од страна на Агенцијата за планирање на просторот и за кои од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање е издадено Решение за Услови за планирање на просторот УП15-3535/4 од 27.07.2015 година.

Со изработка на урбанистичкиот план за вон населено место треба да се овозможи планско решение за планираните градежни парцели, нивната функционалност, диспозиција и капацитетот и максимално користење на просторот од сите аспекти. Сето ова, усогласено со анализата која произлегува од согледувањето на сите аспекти од изработените Услови за планирање на просторот кои го третираат планскиот опфат, овозможува дефинирање на основни поставки и цели на изработка на планската документација.

Цел на урбанистичкиот план за вон населено место е и дефинирање на рационална сообраќајната (секундарна) инфраструктура-улична мрежа и пристапи до единиците на градежното земјиште, формирани во рамките на планскиот опфат.


Важна цел на планот е и создавањето на подобри услови во обезбедувањето на комуналните стандарди од областа на водоснабдувањето, одведувањето на отпадни води, снабдувањето со енергија, електронските комуникации и сл.).

Овој план обезбедува детална регулација и парцелација на просторот со што се употребува инструментот на рамковни површини за градење и урбанистички параметри за истите, кои ќе бидат во функција на развој на енергетскиот сектор преку производство на енергија од обновливи извори и намалување на увозот на електрична енергија и емисиите на стаклени гасови, што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Република Македонија за одржлив развој.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 29.38 ха.

Во табеларниот прилог се дадени сите урбанистички параметри, за секоја класа на намена поодлено за целиот плански опфат со: класа на намена, површина на класа на намена и учество на секоја класа на намена во вкупниот опфат и во проценти.

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ - Планирана состојба		
КЛАСА НА НАМЕНА	Површина м2	Процент %
Г2- Лесна, преработувачка и помалку загадувачка индустрија	45150.63м2	15.37%
Д1- Парковско и пејзажно зеленило	118493.00м2	40.34%
Е1- Сообраќајни, линиски и други инфраструктури (Сообраќајни површини)	15565.79м2	5.30%
Е1.13- Површински соларни и фотоволтаични електрани	112125.23м2	38.17%
Е1.6- Канализациони инфраструктури - пречистителна станица	407.87м2	0.14%
Е1.8- Инфраструктури за пренос на електрична енергија (трафостаница)	156.10м2	0.05%
Канал за одвонување на атмосф. води	1870.04м2	0.64%
ВКУПНО	293768.66м2	100.00%



Графички приказ за УПВНМ за индустриска зона Ново Село, во м.в. Кошутица, КО Ново Село-вон г.р., општина Ново Село

Урбанистички план вон населено место за лесна индустрија, КО НОВО СЕЛО, ОПШТИНА НОВО СЕЛО - П=29,38 Ха										
нумерација на градежна парцела	класа на намена	компатибилна класа на намена	максимална висина	катност	површина на градежна парцела (м2)	максимална површина за градба (м2)	максимална бруто развиена површина (м2)	процент на изграденост %	коефициент на искористеност - к	потребен број паркинг места-во парцела
01	02	03	04	05	06	07	08	09	10	11
1.1	Е1.13	-	5.00 м	П	45612.08м2	35658м2	35658 м2	78.18%	0.78%	
1.2	Е1.8	-	3.50 м	П	36.53м2	30м2	30 м2	82.12%	0.82%	
1.3	Г2	(Б4.1,Г4.1,Е1.13)-40%	15.00 м	П+2	3986.28м2	2643м2	7929 м2	66.30%	1.99%	
1.4	Г2	(Б4.1,Г4.1,Е1.13)-40%	15.00 м	П+2	4919.44м2	3580м2	10740 м2	72.77%	2.18%	
1.5	Г2	(Б4.1,Г4.1,Е1.13)-40%	15.00 м	П+2	12112.60м2	9026м2	27078 м2	74.52%	2.24%	
1.6	Г2	(Б4.1,Г4.1,Е1.13)-40%	15.00 м	П+2	2486.52м2	1068м2	3204 м2	42.95%	1.29%	
1.7	Г2	(Б4.1,Г4.1,Е1.13)-40%	15.00 м	П+2	7775.48м2	3756м2	11268 м2	48.31%	1.45%	
1.8	Г2	(Б4.1,Г4.1,Е1.13)-40%	9.00 м	П+1	1143.89м2	822м2	1644 м2	71.86%	1.44%	
1.9	Г2	(Б4.1,Г4.1,Е1.13)-40%	9.00 м	П+1	548.50м2	270м2	540 м2	49.23%	0.98%	
1.10	Г2	(Б4.1,Г4.1,Е1.13)-40%	9.00 м	П+1	3631.11м2	2451м2	4902 м2	67.50%	1.35%	O
1.11	Г2	(Б4.1,Г4.1,Е1.13)-40%	15.00 м	П+2	8546.81м2	6499м2	19497 м2	76.04%	2.28%	
1.12	Е1.13	-	5.00 м	П	13184.62м2	10196м2	10196 м2	77.33%	0.77%	
1.13	Е1.13	-	5.00 м	П	53328.53м2	42343м2	42343 м2	79.40%	0.79%	
1.14	Е1.8	-	3.50 м	П	47.20м2	24м2	24 м2	50.85%	0.51%	
1.15	Е1.6	-	3.50 м	П	407.87м2	108м2	108 м2	26.48%	0.26%	
1.16	Е1.8	-	3.50 м	П	72.37м2	30м2	30 м2	41.45%	0.41%	
Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури (Сообраќајни површини)					15565.79м2					
Заштитен појас на А4					7636.00м2					
Регулиран водотек					1870.04м2					
Д1 - Парковско и пејзажно зеленило					110857.00м2					
ВКУПНО ЗА ОПФАТ					293768.66 м2	118474м2	175161м2	40.33%		
O Согласно Правилникот за Урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ. Бр.225/20, 219/21 и 104/22)										

2.2 Плански опфат

2.2.1 Географска и геодетска местоположба

Новопредвидениот опфат се движи:

- На север по надворешната северна страна на планираната индустриска улица "2", ги сече КП бр. 4077/1 и КП р. 4078/2;
- На исток по источната страна на КП бр. 4078/2, КП бр. 4080 и КП КП бр. 4081/1;
- На југ по северната страна на КП бр. 4083/2, КП бр. 4081/3, КП бр. 4078/4, КП бр. 4084/2, КП бр. 4078/3, ги сече КП бр. 4078/1, КП бр. 6197 и КП бр. 4094, северната страна на КП бр. 6198, КП бр. 4097, КП бр. 4098, КП бр. 4100, КП бр. 4101, КП бр. 4102 и КП бр. 4103;
- На запад по источната страна на КП бр. 4111, КП бр. 4107, КП бр. 4110 и КП бр. 4104, северната страна на КП бр. 4105 и КП бр. 4104 и по источната страна на КП бр. 4070/1; се до појдовната точка на опфатот.

Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно 29.38 ха, односно 293768.65м^2.

Периметарот на планскиот опфат изнесува 2449.53ме.

2.2.2 Намена на употреба на земјиштето

Во границите на планскиот опфат според системот на класи на намени, предвидени се следните класи на намени:
Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА
Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
Е - ИНФРАСТРУКТУРИ
Е1 - Сообраќјни, линиски и други инфраструктури,
Е1.6 - Канализациони инфраструктури - пречистителна станици,
Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија (трафостаници) и
Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани
Д - ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ
Д1 - Парковско и пејзажно зеленило.

Предвидениот концепт се надоврзува на намените што ги предвидуваат со Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија 2002 - 2020, изработени од страна на Агенцијата за планирање на просторот и за кои од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање е издадено Решение за Услови за планирање на просторот. Планирани се градежни линии и рамковни површини за градење и урбанистички параметри за истите согласно членовите 99, 100, 101, 102, 103, 104, 105, 106 и 107 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22, 219/21 и 104/22). Висините на градбите се планирани согласно членовите 118,119,120, 121, 122 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22, 219/21 и 104/22) и се одредени за секоја површина за градба - градежна парцела поединечно. За одредување на процентуалната застапеност на зеленило во рамките на градежните парцели, потребно е да се задоволи член 20 од Законот за урбано зеленило („Сл. Весник на РМ" бр. 11/18 и 42/20).

Со планот се утврдени следните основни класи на намени:
Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА
Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија 4.55 ха
Д - ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ
Д1 - Парковско и пејзажно зеленило 11.86 ха
Е - ИНФРАСТРУКТУРИ
Е1 - Сообраќјни, линиски и други инфраструктури 1.51 ха
Е1.6 - Канализациони инфраструктури - пречистителна станици 0.041 ха
Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија (трафостаници) 0.014 ха и
Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани 11.24 ха.

Во рамки на планскиот опфат планирани се градежни парцели со класа на намена Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани и за истите не се планирани компатибилни класи на намена, додека планирана е комплементарна каса на намена:
- Е1.1- Сообраќајни и патни инфраструктури.

За градежните парцели со класа на намена Г2- Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија се предлагаат следните компатибилни класи на намена:
- Б4.1 - Деловни згради со канцеларии;

- Г4.1 - Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока;
- Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани.

За класата на намена Е1.6 - Канализациони инфраструктури - пречистителна станици не се предлага примена на компатибилна класа на намена.

За класата на намена Д1 - Парковско и пејзажно зеленило не се предлага примена на компатибилна класа на намена.

При уредувањето на просторот водено е сметка за негова рационална искористеност да не се наруши хуманизацијата на просторот што е постигнато со диспозиција, површина, катност и висина на објектите. Истите се планираат со катност која ќе се дефинира во зависност од технолошкиот процес и максимална висина на венец од H=9,00м, односно H=15,00м.

3. Краток опис и образложение на планските решенија за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура

Инфраструктурата ја дефинираат следните водови:

- Улична мрежа;
- Водоводна мрежа;
- Канализациона мрежа;
- Електрична мрежа.

3.1 Сообраќаен план

Основните предности на опфатот се што се наоѓа во близина на градот Струмица, сообраќајно добро поврзан со градот и со околните регионални и магистрални патишта.

УПВНМ за индустриска зона Ново Село, м.в. Кошутица, КО Ново Село-вон г.р., општина Ново Село, овозможува сообраќајно
поврзување до секоја градежна парцела, односно објект, како и максимално почитување и усогласување на катастарските со градежните парцели.

Пристапот до градежните парцели во планскиот опфат е обезбеден преку новопланираните улици. Потребите за паркирање ќе се решаваат во рамките на сопствената градежна парцела, согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22). Обезбедувањето на потребен број на паркинг места треба да биде основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22). Во опфатот кој е предмет на изработка на УПВНМ за индустриска зона Ново Село, м.в. Кошутица, КО Ново Село-вон г.р., општина Ново Село, се опфатени: М6 (А4м) автопат изграден како магистрален пат, СЕРВИСНА УЛИЦА 1, ИНДУСТРИСКА УЛИЦА 2, и ИНДУСТРИСКА УЛИЦА 3.

М6 (А4м) 1

Постојниот М6 (А4м) автопат изграден како магистрален пат поминува од јужната страна на самиот опфат и е со вкупен профил од 6.00м (2х3.00м-коловоз).

Сервисна улица 1

Новопланираната сервисна улица 1 поминува низ самиот плански опфат и е со вкупен профил од 11.80м (2х3.50м-коловоз+2х2.40м-тротоар)

Индустриска улица 2

Новопланираната индустриска улица 2, граничи со самиот опфат од северната страна и е со вкупен профил од 11.80м (2х3.50м-коловоз+2х2.40м-тротоар)

Индустриска улица 3

Новопланираната индустриска улица 3 поминува низ самиот опфат од северната страна и е со вкупен профил од 11.80м (2х3.50м-коловоз+2х2.40м-тротоар).

Стационарниот сообраќај се решава во склоп на градежните парцели согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22).

3.2 Водоснабдителна мрежа

Од анализата на постојната состојба констатирано е дека во предметниот опфат не постои примарна водоводна мрежа. Просторот на кој се предвидува изградба на индустриска зона Ново Село на м.в. Кошутица, КО Ново Село, општина Ново Село, припаѓа на водостопанското подрачје (ВП) Струмичко Радовишко кое го опфаќа сливот на реката Струмица од изворот до Македонско Бугарската граница. Водоснабдувањето во планскиот опфат ќе се врши преку постоечката општинска водоводна мрежа (Ново Село). Водоснабдувањето на новопредвидените објекти се предвидува со приклучување на планираната водоводна мрежа, со изградба на примарна и секундарна водоводна мрежа. Водоснабдителната норма треба да изнесува 300 л/ден/жит.

Потребна количина на вода

$$Q\ max/h = \frac{Nk \times Q \times a1 \times a2}{24x60x60} = \text{каде што е}$$

Nk - број на жители-384

Q - водоснабдителна норма Q =300л/ден/жит.

a1 = коефициент на дневна нерамномерност a1 = 1,3

a2= коефициент на часова нерамномерност. a2 = 1,5

Средно дневна потрошувачка:

$$Q\ sr/den = Nk \times Q = 384 \times 300 = 115200\ л/ден.$$

$$q\ sr/den = \frac{Q\ sr/den}{24x60x60} = \frac{115200}{86400} = 1.33\ л/сек.$$

Максимална дневна потрошувачка:

$$Q\ mah/den = Q\ sr/den \times 1.5 = 115200 \times 1.5 = 172800\ л/ден.$$

$$q\ mah/den = \frac{Q\ mah/den}{24x60x60} = \frac{172800}{86400} = 2.00\ л/сек.$$

Максимална часова потрошувачка:

$$Q\ max/h = Nk \times \frac{300 \times 1.3 \times 1.5}{86400} = \frac{384 \times 300 \times 1.3 \times 1.5}{86400} = \frac{224640}{86400} = 2.60\ л/сек.$$

Оваа потребна количина на вода до водокорисниците ќе се дистрибуира од постојната водоводна мрежа и преку новопланирана водоводна мрежа која се состои од профили Ф100мм и Ф80мм.

Количество на вода за противпожарна заштита

Према важечките технички прописи за заштита на населението и објектите од пожар, предвидено е да во случај на пожар се јави истовремено еден пожар со количество на вода од 10 л/сек., што важи за населени места до 5000 жители, без оглед на отпорноста на објектите према пожар:

$$Qpoz = qpoz \times n1 \times \frac{t}{24}$$

qpoz= 10l/sek

n1-број на пожари кои можат да се јават истовремено

t- времетраење на пожар

Оваа потребна количина на вода од планираниот резервоар до водокорисниците ќе се дистрибуира преку планираната водоводна мрежа, која ќе се состои од профили од Ф150, односно поголеми од Ф80 мм. Како главен приклучок ќе се користи цевковод Ф300.

3.3 Фекална и атмосферска канализација

По однос на канализацијата, на самиот локалитет не постои изведена инфраструктура. Со планското решение се предвидува изградба на сепаратен систем на канализација, т.е. посебна канализациона мрежа за атмосферски води како и посебна канализациона мрежа за фекалната канализација. При проекција, одделните канализациони системи условени се од надморска висина на локалитетот, од положбата во однос на реципиентот и од експозицијата на теренот. Со проекција на хидротехничката инфраструктура се предвидува генерално решавање на фекалната канализација, која ќе се состои од новопланирана канализациона мрежа. Количината на отпадните води ќе се пресмета како 80% од потребната вода зголемена за 20% од инфилтрација на подземни води. Канализационата мрежа ќе се состои од армирано-бетонски канализациони цевки со Ф>250-400 и армирано-бетонски ревизиони шахти. Новопланираната фекална канализација се планира да се приклучи на постоечката пречистителна станица за отпадни води. Падовите на новопредвидената фекална канализација се движат од 2-3%, кои детално ќе се дефинираат со изработка на главни проекти. Димензиите преку хидрауличка пресметка со точно познати количини на отпадни води ќе се дадат во наредните Основни проекти. Со добивање на потребните параметри за димензионирање на дренажната мрежа ќе се добијат димензиите и наклоните на цевките:

$$qfek = \frac{(0.8xNk \times Q \times a1 \times a2)x1.2}{24x60x60} = \text{каде што е}$$

Nk - број на жители - 384

Q - водоснабдителна норма Q = 300 л/ден/жит.

a1 = коефициент на дневна нерамномерност a1 = 1,3

a2= коефициент на часова нерамномерност a2 = 1,5

$$qfek = \frac{0.8(384 \times 300 \times 1.3 \times 1.5)x1.2}{86400} = 2.49 \text{ л/сек.}$$

Канализационата мрежа се состои од армирано-бетонски канализациони цевки и ревизиони шахти. За минимален пречник е усвоен Ф 250. Истата се предвидува да се приклучи на планираната пречистителна станица, а потоа како пречистена отпадната вода се носи кон рецепиентот - реката Струмешница која поминува на околу 400м од јужната страна на опфатот.

Проекцијата на атмосферската канализација, предвидува сепаратен канализационен систем на одвод на атмосферски отпадни води, кој ќе се состои од посебни канали. Атмосферската канализација ќе ги евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, од површините на улиците и зелените површини. Количината на отпадните води ќе се одреди со емпириски формули, а во зависност од сливната површина, интензитетот на дождот и истечниот коефициент:

F – вкупна сливна површина-29.38 Ха
q_i – специфичен истек (110)
Ψ - просечен коефициент на истекување(0.4)
$Q_{atm} = F \cdot q_i \cdot \Psi(l/\text{sec}) =$ 29.38 x 110 x 0.4 = 1292.72 l/sek

Канализационата мрежа се состои од армирано-бетонски канализациони цевки и ревизиони шахти. За минимален пречник е усвоен Ф300. Истата се предвидува да се приклучи на планираната пречистителна станица, а потоа како пречистена отпадна вода се носи кон реципиентот-реката Струмешница која поминува на околу 400м од јужната страна на опфатот.

Реки и водотеци

Низ југоисточниот дел на опфатот поминуваат две мали реки кои во поголемиот дел од годината се со суво корито, а во истите има доток на вода само при енормно високи врнежи. Истите се вливаат во реката Струмешница која поминува на околу 400м од јужната страна на опфатот. Со површинските води треба да се управува на начин кој обезбедува заштитата на водите.

3.4 Електроенергетска инфраструктура и ПТТ инсталација

На делот од планскиот опфат кој треба да се реализира , квалитетот на постојната електро-енергетска и телефонска инсталација не ги задоволува критериумите за урбана градска средина. Електричната мрежа и потребата од едновремена електрична снага за новопредвидените објекти се димензионира према следните електроенергетски параметри со напомена дека се предвидени максимални површини за градба и тоа претставува максимален капацитет на просторот во моментот.

За дефинирање на инсталираната снага на еден индустриски објект со електрична енергија, земени се во предвид следните показатели:

Индустриски и комерцијални објекти:
115368м2 x 0,08 kW /м2 =9229.44 kW

Вкупна едновремена снага за плански опфат:
Ped=9229.44 kW

Потребен број на трансформаторски станици:
N=∑Ped/μ x Sn = 9229.44 / 0.75 x 4 x 1000 =2,92

N=(∑ Ped)/(η . Sn) = 9229.44 kW/(0.75 x 4x1000)=3.07 трафостаници

Се предлага да се планираат мин. три трафостаници кои ќе бидат поставени во посебни градежни парцели. Предвидените објекти со електрична енергија Ќе се напојуваат од планираните трафостаници преку планираните нисконапонски подземни кабловски водови. Планираните Трафостаници се во самиот плански опфат кој е предмет на анализа. Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа ќе се определи и ќе се развива во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на Инфраструктурни проекти за електрична мрежа од страна на стручните служби на ЕВН

Македонија АД Скопје. Нисконапонско приклучување на предвидените објектот ќе биде кабловско.

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектите кои егзистираат на подрачјето за кое се предвидува изградбата на објекти за домување и објекти за мали комерцијални и деловни намени, затоа при димензионирањето на телефонската мрежа се поаѓа од принципот на секој објект да му припаѓа мин. еден телефонски приклучок. Поврзувањето на телефонски потрошувачи ќе се изврши во согласност со Македонски Телеком АД Скопје и Агенцијата за електронски комуникации.

4. Карактеристики на просторот и сегашна состојба со животната средина

4.1 Карактеристики на просторот

Општината Ново Село се наоѓа на источниот дел од регионот. На исток и југ граничи со Република Бугарија, на запад со општините Босилово и Муртиново и на север со општината Берово. Составена од 18 населени места, со 12655 жители. Општински центар е населеното место Ново Село. Поврзан е со магистрален пат за Република Бугарија и општинскиот центар Босилово и Струмица. Локалните патишта по вид на коловоз вкупно изнесуваат 16,40 км. Од нив, со асфалтен пат се изградени 13,69 км, со макадам 2,20 км и земјен 65,51 км. Непресечните патишта се со должина од 35,00 км и воглавно се лоцирани на северниот дел од општинскиот центар. Особено тоа се однесува на сеуште неизградената патна мрежа за поврзување на општинскиот центар и населените места Барбарево, Стиник, Бадилен и Бајково како и Старо и Ново Коњарево, Самоилово-Стиник и Барбарево-Ново Село, како важни патишта за развој на сточарство. Улиците во населените места, со исклучок на мал дел во општинскиот центар, не се асфалтирани.



Општина Ново Село

4.1.1 Сообраќајна поврзаност

Територијата на општината зафаќа површина од 24320 ха и се вбројува во средно големите општини во Републиката. Имено, таа сеуште има карактер на рурална општина бидејќи нејзиното централно место Ново Село сеуште не добило статус на градче.

Просечната густина на населеност изнесува 51,8 жители на еден км^2.

Просторот на општината зафаќа три морфолошки средини. На север територијата се издига до сртот на планината Огражден, во јужниот дел таа се издига до сртот на планината Беласица. Таа се граничи со општините Берово, Босилово и Струмица како и со државните гранични линии со Република Бугарија и Република Грција. Преку оваа општина води само еден главен пат од Струмица до Ново Село, односно има меѓународно значење бидејќи на источниот дел на областа се наоѓа граничниот премин кон Република Бугарија.

Локалната внатрешна патна мрежа ја сочинуваат делумно асфалтирани патишта со недефиниран профил и селски неасфалтирани патишта кои овозможуваат движење на патнички возила, товарни возила и земјоделски машини.

Поволната географска положба на општината во просторот на Струмичката котлина, погодните природни услови за развој овозможуваат населеното место да се развие во поголема и позначајна населба во опкружувањето.

4.1.2 Рељефни карактеристики

Ново Село се наоѓа во крајниот источен дел на Струмичко Поле, од левата страна на р. Струмица, на надморска височина од околу 235 м. Селото е рамничарско, на надморска височина од 215 м и со површина од од 15,9 км^2 (1590 ха). Шумите зафаќаат површина од 917 ха, но сепак во основа селото има полјоделско-шумарска функција.

4.1.3 Геолошки карактеристики

Рамното дно на котлината, покриено е со алувијални наноси (рамничарски терен) во кој се јавуваат плитки подземни води е добро тло за ливадска и хидрофитна вегетација.

Од дното на котлината кон планинскиот дел забележителна е законитоста во измената на рељефот, супстратот, клима, вегетација и почвите.

Природната вегетација е застапена во фрагменти. Ливадската вегетација е мозаично сочувана. Растителниот свет, посебно шумската вегетација се одликува со голема шареноликост и сочуваност.

Специфичните климатски услови и геолошката разноликост условуваат појава на хетерогена природна вегетација и диференцирње на вегетациски височински појаси.

Терените на планината Беласица се заштитувани, а на нив не е вршена сеча поради големите стрмнини и опасностите од уривање на земјани маси, затоа таа претставува типично шумско подрачје со особености на сочуван шумски предел.

Речиси целата површина на Новоселска општина е педолошки испитана. Застапени се повеќе почвени типови. Најзастапени се поквалитетните почви, како што се: алувијалните, смолниците, гајњачите и карбонатите со над 80% од вкупно испитаната територија. Скалестите почви најраспространети се во планинскиот дел, односно во периферните делови на котлината. Во низинскиот и централен дел на котлината, најповеќе ги има алувијалните почви. Во нив најголемо учество имат II и III класа, додека помало учество имаат почвите од IV и V класа.

4.1.4 Сеизмолошки карактеристики на теренот

Врз основа на картата за максимално набљудување на интензитети на земјотреси, евидентирано е дека населбата се наоѓа на граница со две сеизмички најактивни зони на Балканот, Вардарска и Струмичка сеизмогена зона (гледано пошироко). Поконкретно општина Ново Село

припаѓа на епицентрална зона со појава на локални земјотреси со максимално очекуван интензитет на земјотреси од 8° по МЦС скала.

На ова посебно влијание имаат инженерско геолошките услови на тлото врз кои е направена и глобална сеизмичка реонизација на теренот. Ридчестиот простор југозападно од Струмица има сеизмичко поволни инжинерско геолошки услови, котлинскиот дел северно од северозападно е сеизмички осетлива средина, додека рамничарскиот дел источно од градот е сеизмички доста осетлива средина додека рамничарскиот дел источно од градот е сеизмички доста осетлива средина и заедно со претходната категорија поседуваат сеизмички неповолни инжинерско - геолошки услови на тлото.

4.1.5 Хидротехничка структура

Хидрографската мрежа на општина Ново Село ја преставува реката Струмица која ја дели општината Ново Село на лево и десно сливно подрачје. Левото сливно подрачје го сочинуваат водите кој се формираат од планината Огражден (Сушичка река, Новоселска, Бои дол, Василица и Бајковца). Десното сливно подрачје се формира од планината Беласица (река Баба, Мокринските извори, Пирок и Ломница). На реката Новоселска е изградена акумулација со зафатнина од 402200 м^3 која се користи исклучиво за наводнување на обработливите површини на Новоселското поле која е поврзана со каналски систем. Исто така, обработливите површини на територијата на општина Ново Село се наводнуваат од браната Турија преку затворен каналски систем. Селата од под Беласичкиот регион се наводнуваат од проточните води на планината Беласица преку отворени канали.

4.1.6 Климатски и микроклиматски услови на регионот

Специфичната географска и топографска положба на регионот ја каректеризираат две зонални клими-медитеранска, со поголемо или помало вкрстување со источно-континенталната. Со испреплетеноста на овие две клими подрачјето има топла и семиаридна клима. Летото е долго, со релативно високи среднодневни температури во периодот на одгледување на земјоделски култури на отворено (мај-октомври). Сезоната со температура над 10 степени целзиусови изнесува преку 215 денови, што е сосема доволен период за добивање на физиолошки зрели плодови од повеќе градинарски култури.

Средномесечните температури се движат од 13,4ºC до 25,9ºC. Врнежите во поглед на одгледување според повеќе годишните процеси, често се во дефицит и со непогоден распоред во текот на вегетационата сезона. Најголема сума на врнежи се забележува во мај и септември месец, додека во останатите месеци тие се минимални. Просечните годишни врнежи од околу 600 литри на м^3 се медитерански режим.

Ветрови се јавуваат од сите правци. Најповеќе се јавува северозападниот ветер, а го има во јули, а потоа југозападниот кој е пролетен. Поретко дува сверецот и јужниот ветер.

4.1.7 Население

Во општина Ново Село според Пописот од 2021 година живеат 6972 жители.

Природното движење на населението искажано преку индикаторите за наталитетот, морталитет и природен прираст, покажува тенденции на релативно посмирен процес на репродукција на населението.

Во просторните рамки на општина Ново Село населението е сконцентрирано во 16 населени места.

4.1.8 Стопанство

Транзитните промени кој се случија во земјата, се рефлектираат и на стопанскиот развој, односно доведоа до преструктуирање на стопанството, негов пад, а со тоа и намалување на националниот бруто-доход. Определбата на земјата е дека тој пад треба да се запре и да отпочне повторен постепен подем на стопанството, т.е. на неговата репродуктивна, акумулативна и иноваторска способност. Со преминување на поранешните Секретаријати за стопанство од општинско ниво на ниво на Министерства, настана дисконтинуитет во следењето на стопанските текови, како во целина, така и во оделени стопански гранки во рамките на општината. Влошените услови на стопанисување и неповолните наследни тенденции условија повеќегодишен осетен пад на производството.

Како последица од сопственичкото и производствено преструктуирање на постојаните претпријатијата во сите дејности најголем дел од новоформираните стопански субјекти се мали фирми, кои лесно се трансформираат. Доминантно место во општина Ново Село зазема земјоделското производство. Земјоделството како најзастапена стопанска дејност (повеќе од 70% од активното население), главно претставено е преку градинарското и полјоделското производство. Од културите кои се одгледуваат доминантно место зазема производството на житарици, домати, пиперки, бостан, кикиритки, компир и тутун. Сточарството во најголем обем е застапено краварството и овчарството.

4.1.9 Хидротехничка инфраструктура

Водоснабдување

ВП Струмичко Радовишко е сиромашно со вода. Специфичното истекување на ова подрачје изнесува q=3,1 л/сек/км^2. За искористување на постојниот хидролошки потенцијал на водотеците во ВП Струмичко Радовишко изградени се акумулациите Водоча на реката Водоча и Турија на реката Турија. Во наредниот период се предвидува изградба на акумулациите Подареш на река Подареш и Ореховичка на река Ореховичка.

Снабдувањето со вода за пиење во општинскиот центар Ново Село е обврска на ЈКП „Комуна".

Првиот водоводен систем бил изграден 1969 година со употреба на вода од бушотини со мал капацитет. Со порастот на населението и зголемената потрошувачка се извршени нови бушотини со поголема издашност на изворите 18 литри во секунда) меѓутоа со доста лош

квалитет беше неопходно изградба на филтер станица која беше изградена во 1995 година која филтер станица ја прочистуваше водата од железо и манган.

Меѓутоа, со формирањето на општината со територијалната поделба од 1996 година и постанување на населбата Ново Село во општински центар беше неопходно изградба на нов водоснабдителен систем, па така во 2001 година со средства од продажбата на Македонскиот Телеком беше изграден нов потисен цевковод и две нови бушотини за вода со доста добар капацитет и издашност на бунарите од 25 литри во секунда.

Во 2004 година со средства од Европската Агенција за Реконструкција преку КАРДС програмата беше реконструирана дистрибутивната водоводна мрежа во должина од 28 километри, нов резервоар со зафатнина од 400 м^3 и таложник за вода. Предвидено е и реконструкција на постоечкиот филтер. Во останатите населени места грижа за снабдувањето со чиста вода за пиење е на Месните Заедници. Населените места Сушица, Ново Коњарево и Самоилово имаат водоснабдителни системи исти како и општинскиот центар Ново Село, додека подбеласичките населени места Мокриево, Мокрино, Колешино, Борисово, Смоларе, Драдево и Старо Коњарево користат вода од планината Беласица.

Планинските села Стиник и Барбарево имаат изградено водоводи кој користат вода од планината Огражден.

Населеното место Зубово е единственото населено место кое нема никаков водоснабдителен систем, туку снабдувањето со вода е од сопствени бунари кој се доста загадени, па општината често пати мора оваа населено место да го снабдува со чиста вода за пиење од цистерни.

Канализација

Во општина Ново Село ниту едно населено место нема ниту фекална ниту атмосферска канализација. Во 2002 година во општинскиот центар Ново Село е отпочната изградба на фекална канализација со средства од Министерството за транспорт и врски и при тоа е изградена колекторска мрежа во должина од 1615 метри со дијаметар на цевките од Ф400 мм. Решавањето на проблемот со фекалиите во населените места засега е решен со септички јами. Во дел од населените места има делумно нерегуларни порои кои во догледно време ќе бидат регулирани.

Наводнување

Населените места од подограденскиот регион вода за наводнување користат од браната „Турија" и браната „Новоселка". Каналската мрежа од овие два система е од затворен тип. Населените места од подбеласичкиот регион вода за наводнување користат од планината Беласица преку отворени канали.

4.1.10 Културно наследство

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територијата на Република Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички

вредности, кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и индентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија за економски, општествен и просторен развој, односно стратегија за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

На подрачјето кое е предмет на анализа нема регистрирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат).

Во Археолошката карта на Република Македонија, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје, евидентирани се следните локалитети:

- КО Ново Село - Бели Рид, населба од доцноантичко време, се наоѓа на 500 м северозападно од селото; Градиште, утврдена населба од доцноантичко време, се наоѓа на 4 км северно од селото; Коштуница, могила од римско време, се наоѓа на 1 км источно од селото; Ново Село, депо на монети од средниот век, се наоѓа на работ на селото; Селиште, населба од енеолитско и бронзено време, се наоѓа во подножјето на планината Огражден, над Новоселска Река, оддалечена 4 км северно од селото; Сушица, населба од неолитско време, се наоѓа покрај потокот на Сушица; Чука, населба и могила од доцнонатичко време, се наоѓа на работ на селото; Шопов Рид, могили од римско време, се наоѓа во непосредна близина на локалитетот Чука.

4.2 Опис на сегашната состојба со животната средина во планскиот опфат

Основен предуслов за идентификација на проблемите со животната средина и поставување на стратешки цели за надминување и унапредување на истите е идентификацијата и оцената на сегашната состојба со медиуми на животната средина (воздух, вода, отпад, почва, биодиверзитет, бучава), како и со користењето на земјиштето и природните ресурси во општината.

Со оглед на тоа што во планираниот простор до сега не се вршени мерења, следења и истражувања на основните витални компоненти воздухот, водата, тлото, бучавата и тврдиот отпадок, пореметувањата во екосистемот во целост не можат да се откријат, а оценката за состојбите произлегува исклучиво од дејстувањето на човекот и неговите активности во овој простор.

Квалитет на воздухот

Во општината нема индустриски загадувачи на воздухот. Домаќинствата користат дрва за огрев, така што нема сериозен извор на загадување. Единствено загадување на воздухот доаѓа од патиштата. За намалување на штетноста на издувните гасови, особено во населените места каде што поминува магистралниот пат М-6 каде што сообраќајот е густ потребно е тој да биде организиран надвор од населените места, односно да се одвива по нова траса, надвор од населените места, бидејќи во

тој случај ќе се намалат натрупувањата на јаглероден моноксид и други опасни состојки на издувните гасови. Во општина Ново Село не се врши мерење на поединечно специфицираните емитери во воздухот и не се следат аероседиментите.

Квалитет на водите

Снабдување со вода за пиење

Состојбата со водоснабдувањето и квалитетот на водата за пиење во населените места, со сопствени водоводи и водоснабдување преку бунари и природни извори е неповолна, бидејќи често се бактериолошки неисправни што е потврдено со поголем број анализирани проби на вода. Таквите водоснабдителни објекти не задоволуваат некои од основните хигиенско-технички норми. Во најголем број од нив не се врши профилактичка дезинфекција на водата за пиење. Населените места Ново Село, Сушица Ново Коњарево и Самоилово користат вода за пиење од бушотини, додека населените места Мокриево, Колешино, Борисово, Мокрино, Смоларе, Драдево и Старо Коњарево користат изворска вода од планината Беласица, селата Стиник и Барбарево користат изворска вода од планината Огражден. Единствено населено место во општина Ново Село кои нема никаков водоснабдителен систем е селото Зубово, кое вода користи од бунари кои се доста загадени.

За контролата на квалитетот на водата задолжен е Заводот за здравствена заштита Струмица каде што се врши основната физичко хемиска и бактериолошка анализа.

Отпадни води

Проблемот со отпадните води во општината е навистина алармантен. Од 16-те населени места ниту во едно нема систем за третирање на отпадните води.

Имено, отпадните води во населените места во општината делумно се собираат во септички јами кои што често немаат доволен капацитет да ги соберат целокупно создадените отпадни води, еден дел од отпадните води се испуштаат во разни канали со или без протечна вода, кои се испуштаат по населбите, додека останатиот дел се испушта слободно по улиците што преставува голема опасност по здравјето на луѓето.

Прифаќањето на отпадните води во септички јами не преставуваат речиси никакво решение на проблемот затоа што нема воспоставено систем за нивно повремено празнење, така што постојат чести протекувања на површината. Покрај тоа загадувањето на почвата со исцедените води од септичките јами (како и од отпадните води од површинските канали) секогаш е присутно, иако никогаш аналитички не е докажано. Опасноста од загадување на подземните води, особено во рамничарскиот дел на општината особено е значајна со оглед на нивното високо ниво. Овој проблем станува особено сериозен, ако се има предвид дека главната стопанска активност на територијата на општината е земјоделието. Загадувањето на почвата и подземните води, не само што има директни последици по луѓето, туку може да доведе до нарушување на продуктивноста на почвата, а и загадување на продуктите од

земјоделските активности што понатаму се вклучуваат во исхраната на човекот и тоа не само територијата на општината туку и пошироко.

Исто така, присутно е испуштање на отпадните води во разни површински канали. Дел од тие канали се користат за наводнување на земјоделски површини и за напојување на добитокот.

Површинските канали на отпадни води преставуваат голема опасност. Со оглед на тоа што се отворени, тие преставуваат погодна средина за развој на разни микроорганизми и одвивање на разни микробиолошки процеси кои што влијаат на здравјето на луѓето и нарушување на квалитетот на живеење (ширење на непријатни миризби, бактериски зарази и слично).

Слободно испуштање на отпадните води по улиците во населените места е еден од најопасните начини на третирање на отпадните води затоа што луѓето најлесно доаѓаат во допир со нив, (особено децата), така што тие претставуваат сериозен извор на заразни заболувања кај населението.

Од претходно изнесеното во овој текст, може да се заклучи дека проблемот со отпадните води во населените места во општина Ново Село е навистина алармантен, особено во поголемите места каде што на неколку квадратни километри заедно живеат неколку илјади жители со неколку илјади грла крупен и ситен добиток и тоа без никаков третман на отпадни води.

Отпад

Во општина Ново Село сериозен проблем преставува депонирањето на отпадните материи (смет) во депонија. Во општинскиот центар Ново Село има изградено депонија со уредна дозвола од Министерството за животна средина која се наоѓа на одалеченост од 3,0 км од самата населба. Површината на депонијата е 8000 м^2, меѓутоа во оваа депонија не се врши третирање на цврстиот комунален отпад, односно не постои ниту примарна ниту секундарна селекција на отпадот. За собирање на комуналниот отпад во поголем број населени места се грижи ЈКП „Комуна”од Ново Село. Како сериозен проблем се наметнува постоењето на диви депонии во поголем број на населени места кои диви депонии во огромна мерка ја загадуваат животната средина, па неминовно е нивни решавање.

Растителен и животински свет

На територијата на општина Ново Село постои и голема разновидност на вегетацијата и богатство на растителни елементи.

Вегетација на оваа територија не е доволно проучена, што особено се однесува на вегетацијата на пасиштата кои се значително распространети. Мошне важно е да се спомне дека во околината на Колешинскиот водопад опстојува мошне ретка врста на папрат Осмунда регалис.

Во планинските предели постојат сосема деградирани простори од непланската експлоатација на шумите, меѓутоа сочувани се и такви кои заслужуваат внимание според присутноста на одредени шумски типови. Од видовите на шуми се среќаваат дабова, букова, борова, брезова, чамова и

многу важно е да се напомене дека костенот кој е многу застапен во планината Беласица е многу заоблен и кој од ден на ден се помалку го има па неопходна е интервенција како би се заштитил.

Животната заедница на фауната истражени се и познати познати преку групата на птици и цицачи.

Со посебно ловно стопанско значење се зајакот, полската еребица, еребицата камењарка, потполошката, гулабите (гривнеш, дупкари и пештерник), грлица, гугутка, шљука (шумска и барска), дивата свиња и во мал дел срната.

Ихтофауната ја сочинуваат поголем број видови риби главно застапени во реката Струмица и тоа: мрена, клен, бојник, додека во акумулацијата Новоселска е присутен крапот.

Во водите на реката Лебница која се наоѓа длабоко во планината Огражден присутна е пастрмката.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија („Сл. Весник на РМ" бр. 39/04) на просторот кој е предмет на разработка на Урбанистички план вон населено место за индустриска зона Ново Село, м.в. Кошутица, КО Ново Село, општина Ново Село, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

Бучава

Проблемот на бучава на ова подрачје досега не е анализиран и истражуван. Во овој регион изворите на создавање на бучава не се од таков вид да овој проблем во животната средина претставува значителна закана за здравјето на луѓето.

Бучавата произлегува од урбаните активности и тоа:

- Сообраќај;
- Производни и деловни процеси;
- Бучава од ентериерно потекло (стамбени згради, трговско деловни центри и сл).

4.3. Сегашни проблеми со животната средина во и околу планскиот опфат

Проблемите со генерирање на отпадот се разгледуваат како влијание врз површинските и подземните води, влијание на загадувањето на почвите и индиректно како влијание врз квалитетот на воздухот и почвите и индиректно како влијание врз квалитетот на воздухот и создавањето на стаклени чки гасови (климатски промени).

Најосетливи елементи на животната средина во предметниот опфат (Елементи на СОЖС)					
Води	Воздух	Отпад	Климатски фактори	Население	Материјални добра

Врз основа на евидентирање на најосетливите елементи на животната средина во планскиот опфат кои се нарекуваат и елементи на

Стратегиска оцена на животната средина (Елементи на СОЖС) се воспоставуваат цели на стратегиска оцена на животна средина (Цели на СОЖС) и се дефинирани можни индикатори за секоја цел.

Во процесот на Стратегиска оцена на влијание на планскиот документ врз животната средина важно е да се види како, на кој начин, со која јачина и интензитет целите на планскиот документ влијаат врз целите на СОЖС со цел да се предвидат мерки за спречување на влијанијата и да се предложи соодветен план за мониторинг на индикаторите за секоја цел на СОЖС.

На следната табела се прикажани сегашните проблеми со елементите на животната средина:

Елементи на Стратегиската оцена на животна средина	**Проблем**	**Релевантно опфтен проблем**
Воздух	Нарушен квалитет на воздухот од дрва како агенс за затоплување, зголемен сообраќај	x
	Неадекватна здраствена заштита на населението	x
Вода	Ниска јавна свест	x
	Нецелосен мониторинг за квалитетот и квантитетот на површинските, подземните и отпадните води	x
Отпад	Постоење на диви депонии	x
Почва	Нарушен квалитет на почвата како резултат на постоење на септички јами, односно не третирање на отпадните води	x
	Диви депонии на територијата	x
Предел	Узурпација и деградација на просторот, односно неконтролиран урбан развој на населените места	x
Население	Ниска еколошка свест кај граѓаните во општината	x
	Невработеност	x
Климатски фактори	Користење на огревно дрво за затоплување	x
	Не користење на обновливи извори на енергија	x

Сегашните проблеми со елементите на животната средина

5. Состојба без имплементација на планскиот документ

За значењето на реализација на УПВНМ за индустриска зона Ново Село, во м.в. Кошутица, КО Ново Село-вон г.р., општина Ново Село треба да се земе во предвид и сегашната состојба со најосетливите елементи на животната средина на планскиот опфат.

Исто така, се разгледува опцијата без да се спроведе планската активност, односно работите да останат во првобитната положба.

Во конкретниов случај доколку УПВНМ за индустриска зона Ново Село, во м.в. Кошутица, КО Ново Село-вон г.р., општина Ново Село, се очекуваат следниве последици:

- Појава на некомпатибилни дејности;
- Земјиштето и понатаму ќе остане земјиште со помала економска вредност;
- Ограничен развој на општината;
- Неконтролирана изградба на бесправни објекти;
- Нарушување на квалитетот на медиумите во животната средина;
- Интензивно загадување со отпадни материи (цврст, комунален и други видови отпад) и создавање на диви депонии;
- Интензивно загадување на подземните води и почвата;
- Намалени приходи во општинскиот буџет;
- Отсуство на финансиски инвестирања што би се довело до слаб економски развој на стопанството;
- Пораст на миграција;
- Намален животен стандард;
- Трошоците за увоз на струја ќе се зголемат;
- Нереализацијата на планскиот опфат ќе се испушти можноста од идни потенцијални инвестиции за економски-одржлив развој.

6. Алтернативи и чинители за избор на алтернатива

Реализацијата на УПВНМ за индустриска зона Ново Село, во м.в. Кушутица, КО Ново Село-вон г.р., општина Ново Село е од особено значење за реализирање наменски содржини и функционална операционализација за развој на планскиот опфат и општината.

Со изработката на планските решенија од Урбанистичката планска документација просторот добива нова можност за урбанистичка разработка и реализација.

Од особено значење за изготвување на Стратегиската оцена, а воедно и стандардна постапка е да се изанализира опцијата од неспроведување на планското решение со што состојбата би останала во првобитната состојба. Во тој случај се очекува дека фактичката состојба на теренот воопшто нема да се промени и економската пасивност ќе продолжи.

Во случај на нереализирање на планскиот опфат се очекува да:

- Социјално-економскиот статус на населението ќе иницира поголема стагнација;
- Продолжување на трендот миграција;
- Невработеноста нема да се намали;
- Намалување на вредноста на земјиштето;
- Узурпација на просторот со дивоградби и други неплански и некомпатибилни содржини;
- Непланско и неорганизирано уредување на просторот со што негативно ќе се одрази врз медиумите во животната средина;
- Искористување на слободни земјоделски површини.

Во случај на реализирање на планскиот опфат се очекуваат неколку позитивни аспекти:

- Поволна географска положба;
- Добри микроклиматски услови;
- Одлична диспозиција во однос на сообраќајната поврзаност;
- Обезбедување на нови вработувања;
- Зајакнување на можностите за одржлив економски и социјален развој на регионот;
- Запирање на економската миграција;
- Развој на локалната самоуправа преку плаќање на даноци, комуналии и други давачки;
- Зголемување на вредноста на земјиштето;
- Подобрување на енергетскиот биланс /пораст на производството на енергија;
- Зголемување на енергетската сигурност;
- Зголемување на учеството на нови одржливи извори на енергија во снабдувањето со енергија, односно во енергетскиот биланс;
- Пораст на енергетската ефикасност;
- Зголемување на енергетските капацитети од обновливи извори;
- Подобрување и одржливо производство и снабдување со електрична енергија и топлина;
- Намалување на увозната зависност од енергија;

- Енергетска сигурност;
- Намалување на емисиите на стакленѝчки гасови;
- Либерализација на пазарот;
- Со предвидените содржини ќе овозможи остварување на функции со директни или индиректни економски ефекти.

Со реализација на планот се овозможува локацијата да прерасне во единствена интегрирана просторна и функционална целина, која ќе овозможи одржив развој на локалната и национална економија со потенцијал за привлекување на интересот на домашните и странските инвеститори во планскиот опфат и пошироко во планскиот регион.

7. Претпоставени влијанија врз медиумите на животната средина

Ваквите појави кои како претпоставка може да се јават од имплементацијата УПВНМ за индустриска зона Ново Село, во м.в. Кушутица, КО Ново Село-вон г.р., општина Ново Село, може да се анализираат од негативен аспект, како и од аспект на перспективни, односно позитивни влијанија.

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина не ги анализира поединечните развојни проекти, туку влијанијата врз медиумите на животната средина од глобален аспект. Значи, со извештајот се прави само проценка на можните негативни влијанија врз животната средина, додека во подоцнежните фази, преку Студиите за оцена на влијание врз животната средина или Елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска на основа на укажаните ризици се прават детални анализи и препораки.

Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

Влијание врз демографскиот фактор

Реализацијата на предвидената содржина од планскиот опфат ќе биде стимул за поврзување на населението со матичната средина во која живее, заради можноста за искористување на расположивата работна сила. Креирањето на нови работни места ќе придонесе за намалување на економската миграција на локалното население во странство. Исто така, ќе има позитивни влијанија на долгорочна основа и на зголемување на наталитетот, како уште еден позитивен елемент на демографскиот развој.

Инвестиционите вложувања за реализација на предвидената планска содржина ќе значи зголемување на животниот стандард и квалитетот на живот во непосредната околина.

Влијание врз човековото здравје

Во периодот на изведба на градежни активности постои веројатност од појава на зголемено ниво на прашина и бучава заради транспортот на

градежен материјал и употребата на тешка механизација, истекување на отпадни масла од возилата во површинските или подземните води и друго.

Обезбедување на парковско и заштитно зеленило и останато хортиклултурно уредување на просторот ќе биде во функција на подобрување на здравјето на луѓето што е опфатено и со планската содржина во планскиот опфат каде ќе се имплементираат планските решенија.

Предвидениот опфат не се наоѓа во близина на зона за индивидуално и колективно домување, заради што влијанијата врз здравјето на човекот се многу ограничени. Дополнително на тоа, а заради намената на содржините на локацијата која е предмет на анализа, нивната реализација не би требало да има било какви импликации врз здравјето на посетителите и населението во поширокота околина.

Подетална анализа од евентуалните влијанија врз човековото здравје ќе биде направена во понатамошните фази од процесот на планирање преку изработка на студиите за оценка за влијанието на животната средина или елаборатите за заштита на животната средина од различни аспекти на медиумите на животната средина што е и законска обврска.

Влијание врз социо-економската состојба

Имплементацијата на УПВНМ за индустриска зона Ново Село, во м.в. Кошутица, КО Ново Село-вон г.р., општина Ново Село ќе има позитивно влијание врз социо-економскиот развој на општината и пошироко во стимулирање на економските активности, зголемување на стапката на економскиот раст, зголемување на доходот по глава на жител, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура, подобрување на инфраструктурата и уреденост на просторот и зголемување на квалитетот на живеењето.

Влијание врз квалитетот на амбиентниот воздух

Одредени краткорочни влијанија врз квалитетот на воздухот се очекуваат во време на градба-изведбата на земјени и градежни работи при што се очекува појава на прашина, како фугитивна емисија на најситни честички на прашина и песок.

Во време на градежната фаза треба да се очекуваат, пред се:

- Повремено загадување на воздухот од местата на изведба на градежните активности, од градежните материјали кои ќе се користат и од видот на транспортот на градежните материјали;
- Целата градежна механизација за време на подготовката на теренот ќе има негативно влијание врз квалитетот на воздухот;
- Главен загадувач на воздухот за време на градежните активности ќе биде прашината предизвикана од копање, набивање на тлото, односно земјените работи.

Евентуалните влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух ќе бидат детално анализирани при изработката на студиите за Оценка за

влијанието на животната средина или елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска.

Влијание врз климатски промени

Со оглед на локацијата на која се предвидува реализацијата на оваа планска содржина не се очекува дека ќе има климатски промени.

Постои опција од искористување на обновливи извори на енергија, соларната енергија како енергетски ресурс кои би ги користеле објектите.

Влијание предизвикано од зголемена бучава

Во фаза на имплементација на планираните активности за инфраструктурно опремување на планскиот опфат и изградба на инфраструктурната мрежа треба да се очекува зголемена бучава. Како извори на бучава ќе се јави градежната механизација.

На опфатот во оваа фаза не се предвидени содржини кои би можеле да бидат извори на штетна бучава.

Доколку при имплементација на планскиот опфат се применат мерките дефинирани согласно Стратегиската оцена на влијанијата врз животната средина од секоја посебна активност ќе се намалат очекуваните ефекти од зголемена бучава и ќе се сведат на дозволените нивоа, во согласност со Законот за бучава.

Влијание од вибрации

Во планската задача за реализацијата на планскиот опфат не се предвидени дејности кој ќе продуцираат постојани извори на вибрации, освен во периодот на изградба на објектите и инфраструктурата.

Влијание врз квалитетот на водите

Идентификувани извори на емисии на отпадни води во опфатот се санитарните отпадни води. Ако неправилно се управува со истите може негативно да влијаат врз површинските и подземните води и да го загрозат квалитетот на околното земјиште. Планските решенија за комуналната инфраструктурна мрежа и одведувањето на фекалните и атмосферските води од објектите треба да овозможат контролирано испуштање на истите. Нарушувањето на квалитетот на водите може да биде и резултат на неправилно управување со отпадот кој ќе се создава во периодот на користење на услугите од комплексот, заради што се препорачува интегрирано управување со истиот.

Подетална анализа од евентуалните влијанија врз квалитетот на водите ќе се разгледаат во понатамошните фази преку изработката на студиите за оценка за влијанието на животната средина или елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска и во таа насока ќе се предвидат посебни мерки согласно законската регулатива.

Влијание врз почвата

Со имплементација на овој план ќе се оствари рационално користење на земјиштето, односно целокупната површина ќе се осмисли со наменска содржина која ќе резултира со веќе споменатите придобивки. Евентуалните влијанија врз почвата може да произлезат од несоодветно управување со отпадните води, генерираниот отпад, издувните гасови од превозните средства и сл.

Значајни влијанија врз почвата не се очекуваат, бидејќи во Планот за изградба се предвидени мерки и решенија за комуналната инфраструктурна мрежа, управување со отпадните води и отпадот кој ќе се генерира во комплексот. Индиректно негативно влијание на почвата како резултат на издувните гасови од возилата и емисиите од планираниот опфат во планскиот опфат се проценуваат како не многу значајни со оглед на предвидените заштитни зелени зони и природата на предвиденит објект.

Поцелосна анализа од сите аспекти на евентуалните влијанија врз почвата ќе бидат предмет на посебни студии или елаборати согласно Законот.

Влијание врз пределот

При изградба на објектите може да се предизвикаат негативни влијанија врз пределот како резултат на ископувањето на земјиштето и депонирањето на вишокот земја на несоодветни локации. Ваквите влијанија се очекува да се третираат како негативни влијанија со ограничен интензитет и времетраење.

Влијание врз културното наследство

На подрачјето кое е предмет на анализа нема регистрирани недвижни споменици на културата.

Доколку при реализација на планот се дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ” бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19.

Влијание врз биодиверзитетот (флора и фауна)

Голем број на активности кои би се одвивале со реализацијата на планскиот опфат може да предизвикаат нарушување на биолошката рамнотежа во областите каде што тие се одвиваат и да имаат директно или индиректно влијание. Потенцијални влијанија можат да се јават како резултат на прекумерната урбанизација, лошата комунална инфрастурктура, несоодветното депонирање на отпадни материи и сл.

Поцелосна анализа од сите аспекти на евентуалните влијанија врз биодиверзитетот ќе бидат предмет на посебни студии или елаборати согласно Законот.

Влијанија врз материјалните добра

Имплементацијата на УПВНМ за индустриска зона Ново Село, во м.в. Кошутица, КО Ново Село-вон г.р., општина Ново Село ќе ја зголеми економската вредност на земјиштето во планскиот опфат и пошироко.

Влијанија по однос на генерирање на отпад

Кога се работи за проблемот на загадување на животната средина неизбежен е податокот дека цврстиот комунален отпад претставува директен загадувач на животната средина и затоа треба да му се даде едно од приоритетните места за негово решавање. Со правилен пристап и изнаоѓање на соодветни технички решенија за собирање, изнесување и третирање на цврстиот комунален отпад ќе се подобрат општите услови за живеење, истовремено директно ќе влијае на заштитата на животната средина.

Еколошките проблеми кои се наметнати од несоодветното третирање на отпадот се од висок ризик бидејќи влијаат врз самото население посебно врз младата популација, нивното здравје, животната средина и општиот прогрес.

При реализацијата на планираната инвестиција во планскиот опфат за очекување е генерирање на градежен и земјен отпад и тоа при изведувањето на довод на електрична енергија, канализациона мрежа и водоснабдување. Со планскиот документ треба да биде предвидено отпадот при градбата да се собира и превзема од страна на јавното комунално претпријатие или друг правен субјект.

Примарната селекција на отпадот треба да се предвиди како континуирана активност.

Ова ќе биде предмет во понатамошните фази и превземање на соодветни мерки преку изработка на студии или елаборати за заштита на животната средина.

Влијанија од несреќи и хаварии

Можни несреќи и хаварии кои би настанале од имплементацијата на овој плански опфат е појава на пожар, елементарни непогоди и други хаварии. Во планскиот опфат се разработени мерки за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природните катастрофи.

Како можни предизвикувачи на несреќи и хаварии во планскиот опфат се транспортот на горивата, нивното преточување и складирање.

За успешно функционирање на заштитата од несреќи и хаварии предвидени се мерки за заштита од пожари, односно сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од пропишаниот со што ќе се

овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичниците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектите.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита на пожар.

Детална анализа на овие влијанија ќе биде со Студиите или Елаборатите согласно Законот и се обврска да се изготват во подоцнежните фази на реализација на инвестицијата.

8. Мерки за заштита, намалување и неутрализирање на значајните влијанија врз животната средина од имплементација на планскиот документ

Заштитата и унапредувањето на животната средина е темелна вредност на Уставот на Република Македонија (член 8) и е регулирана со Законот за животна средина, како и останатите закони и подзаконски акти кои се наведени во овој Извештај. Овој Извештај, кој се базира на релевантните податоци од Просторниот план на Република Македонија, Националниот Еколошки Акционен План, секторски студии за одредени области, како и податоци утврдени на самиот локалитет, предвидува и мерки за заштита на животната средина од влијанијата кои се очекуваат со имплементацијата на планската документација, а кои е потребно да се испочитуваат во текот на подготовката на планската документација.

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од пасивниот пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на одржливиот развој. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува:

- Селектирано и организирано депонирање на отпадот во депонија;
- Зачувување на амбиенталните и естетските потенцијали на просторот;
- Изградба на современа инфраструктура;
- Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација, како и да ја стави во функција животната средина во состојба како пред оштетувањето;
- Спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство;
- Доследно спроведување на планот.

Во поглед на озеленувањето, да се планираат соодветни профили на дрвореди покрај објектите кои можат негативно да влијаат на квалитетот на животната средина. Изборот на зеленило треба да се усогласи со условите за заштита и негова намена. Диспозицијата на високите дрвја да биде усогласена со трасите на подземните инсталации, додека изборот на видот на озеленувањето да биде во согласност со условите во работната

средина, односно способноста на повеќе апсорпција на штетни гасови и кои немаат посебен третман за одржување.

Во поглед на создавање на отпад, бучава, загадување на воздухот, загадување на почвата од работата на трафостаниците, подетална анализа ќе се разгледа во понатамошните фази преку изработката на студиите за Оценка за влијанието на животната средина или елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска.

Со третман на санитарно-отпадните води ќе се врши пречистување пред нивно испуштање во реципиентот со што ќе се заштити животната средина од еколошки аспект. За правилно работење на пречистителната станица потребно е да се изведе одделна канализациона мрежа и тоа:

- Канализациона мрежа од санитарна вода;
- Атмосферска мрежа од кровови на објекти;
- Атмосферска мрежа од улици, паркинзи и манипулативен простор со завршно пречистување во маслофаќач.

Основни критериуми од аспект на заштитата на водите согласно Законот за водите (Службен весник на Република Северна Македонија број 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и Службен весник на Република Северна Македонија број 151/21); согласно кои треба да биде изготвена проектна документација се следните:

- Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, езерата и акумулациите, се забранува изградба на постројки и објекти во крајбежните земјишта освен со водостопанска согласност;
- Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките;
- Местоположбата на постројките и објектите треба да биде надвор од крајбрежниот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирање на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци, а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определува советот на општината, по предлог на градоначалникот на општината, по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
- Заради заштита и спречување од оштетувања на водостопански објекти и постројки, се забранува да се копаат и дупчат бунари на растојание помало од 20 метри од ножицата на одбрамбените насипи;
- Изведувањето на водостопанските објекти и постројки да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, при лагодени на научно - техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците;

Објектите и постројките кои што во процес на производство, преработка, полнење и складирање, користат или применуваат опасни материи и супстанци што можат да влијаат врз квалитетот на водата, вклучувајќи и цевководи за транспорт на такви материи и супстанции, се градат, поставуваат, работат и одржуваат на начин што исклучува секакво директно и индиректно загадување на подземните и површинските води;

- Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од објектите според уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води;
- Да се превземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции;
- Во графичкиот прилог дефинирани се експлоатационите полиња околу каптираните извори и бунари со димензии 10x10 со центар во истите;
- Во графичките прилози дефинирани се заштитните појаси на водозафатните објекти, појас во широчина од 50 м од центарот на истите;

Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, се забранува:
- да се вади песок, чакал и камен од речното корито за да не дојде до влошување на постојаниот режим на водите, и да се предизвика ерозија или се оневозможи користење на водите;
- да се менува правецот на водотекот без согласност на Министерството за животна средина и просторно планирање;
- да се фрла отпаден материјал (комунален, индустриски отпад, земја, шут, јаловина и др.);
- да се сечат дрва и друга вегетација од коритата и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите без одобрение;
- изградбата на постројки и објекти или било кои работи и активности што опфаќаат преработка, постапување, складирање, отстранување или транспорт на опасни материи, супстанции и цврст или течен отпад;
- да се копаат прокопи и канали по должината на насипот на коритото поблиску од 10 м од внатрешната страна и 10 м од надворешната страна на ножицата на насипот.

Во понатамошната постапка за издавање на одобрение за градење изготвената
архитектонско градежна проектна документација која се наоѓа во крајбрежниот појас во
широчина од 50 метри подлежи Согласно Законот за води Министерството за животна средина и просторно планирање на издавање на Водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти кои што поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои може да влијаат врз режимот на водите, како и Дозвола за користење, односно Дозвола за испуштање на отпадните води на правни и физички лица, вклучувајќи ги и органите на државната управа и општините кои испуштаат отпадни води или испуштаат или фрлаат материи и супстанции во реципиентите, под услови и на начин утврдени со законот за водите.

- Мерки за намалување на влијанијата врз демографскиот фактор

Имплементацијата на планскиот документ позитивно ќе влијае на демографскиот развој и затоа не се препорачуваат мерки за заштита.

- Мерки за намалување на влијанијата врз човековото здравје

Интегралната реализација на предложените мерки во сите фази на инвестициониот циклус е во насока на намалување на можните негативни влијанија врз животната средина кои може на директен или индиректен начин да се рефлектираат врз здравјето на луѓето. Цврстиот отпад што би се јавил во рамките на планираниот опфат е потенцијална опасност. Затоа се предлага (интегрирано управување), организирано собирање и транспортирање до местото наменето за отпад. Канализационата отпадна вода и отпадните води потребно е да се третираат во пречистителна станица. Доследното спроведување на планските решенија, ќе доведе до директна заштита на човековото здравје. Примената на сите мерки ќе овозможи елиминирање на евентуалните негативни влијанија врз животната средина кои може да се рефлектираат на директен или индиректен начин врз здравјето на човекот.

Глобалната заложба за заштита на човековата средина и посебно за намалување на емисиите на стаклени гасови, увозната зависност на Република Северна Македонија од електрична енергија, како и потребата за обезбедување на поголема разнобразност и со тоа сигурност во снабдувањето со електрична енергија, неминовно наметнуваат зголемено учество на обновливите извори во потрошувачката на енергија.

Со доследно спроведување на планот можноста за загрозување на човековото здравје ќе биде сведена на минимум.

- Мерки за намалување на влијанијата врз амбиентниот воздух

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина и неопходно е при проектирање и реализација на сите објекти да се применат и имплементираат современи технологии и најдобри достапни техники кои го заштитуваат воздухот од загадување.

Објектите од аспект на еколошка заштита не смеат да ја нарушат постојната еколошка рамнотежа и истите е потребно да бидат изведени согласно сите стандарди и нормативи од ваков вид.

Се претпоставува дека загадувањето што ќе биде предизвикано од начинот на греењето на објектите, нема да претставува загрижувачка опасност по загадувањето на животната средина.

За намалување на влијанијата врз квалитетот на амбиентниот воздух од имплементацијата УПВНМ се предлагаат следните мерки:

- Подигање на зелени зони околу граничната линија на планскиот опфат;
- На самите локации да се предвиди формирање на појаси со заштитно зеленило, ниско и средно, со долг вегетациски период се со цел нивно функционално развивање како и додатно намалување на аерозагадувањето;
- При планирањето и изградбата на објектите приоритет да се дава на најдобро достапните техники и инсталации;
- Избегнување на користењето на фосилните горива како енергетски ресурс;
- Користење на електрична енергија како енергенс за затоплување при што нема да има никакви загадувачки емисии;

- Мониторинг на емисии на загадувачки материи во воздухот;
- За подобрување на квалитетот на воздухот на самиот опфат, на сите слободни површини да се предвидат зелени површини.

Самата работа на соларните ќелии не ја оптеретува животната средина. При работата на фотоволтаичните ќелии не се произведуваат стаклени гасови. Во случаите кога електричната енергија не е произведена во фотоволтаични ќелии, таа мора да се произведе со некој од конвенционалните извори на електрична енергија (на пример, во термоелектрани) која притоа произведува стаклени гасови. Поради тоа, фотоелектричните панели (соларни ќелии) имаат позитивно влијание врз животната средина, а нивната употреба ја смалува емисијата на стаклени гасови.

- Мерки за намалување на влијанијата врз климатските промени

Во доменот на заштитата на животната средина основна цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на средината се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку проверка и изготвување на современи стандарди и нормативи.

Со оглед дека се предвидуваат и објекти за фотоволтни централи не се очекува дека ќе има нарушување на квалитетот на воздухот во поширокиот регион или климатски промени.

- Мерки за намалување на бучава

Емисијата на бучава кон околината треба да биде во рамките на пропишаните гранични вредности. Прашањето за намалување на проблемите на бучавата од регионалниот пат треба да се решава со обезбедување на заштитни зелени појаси или формирање на зелени коридори.

Во склоп на подобрување на условите за работа и престој еден од битните фактори е подигањето на зелени насади во локалитетот и во неговото непосредно окружување.

Доколку во времето на имплементација на планот се увиди потреба од воведување на дополнителни мерки на заштита од бучава, истите ќе се спроведат.

- Мерки за заштита од вибрации

Имплементацијата на планската документација нема да предизвика значителни вибрации поради што во оваа фаза нема да се воведат некои посебни мерки за заштита од вибрации.

- Мерки за намалување на влијанијата врз квалитетот на водите

Во смисол на заштита на површинските и подземните води потребно е изведба на непропусна канализација за одводнување на отпадните води.

1. Заштита на проточните и подземните води има приоритет и со соодветно техничко-технолошки зафати (изградба на канализациони системи, соодветен третман на отпадни води, редовна контрола на состојбите на водата и нејзиниот квалитет и др.);
2. Неутрализирање на штетните отпадни материи пред испуштање во канализациона мрежа.

Имајќи во предвид дека со планот е планирана изведба на атмосферска и канализациона комунална инфраструктура има гаранции дека подземните води ќе бидат заштитени од загадување.

Собирањето и депонирањето на отпадните материи да се одлагаат во најблиската санитарна депонија.

- Мерки за намалување на влијанијата врз почвата

Овој извештај не е во можност да даде детали за против ерозивните и против поројните мерки во содржината на планскиот опфат. Деталниот обем на мерки и активности, нивната прецизна локација и површинска поставеност во просторот, ќе бидат дефинирани со основни-изведбени проекти, врз основа на детални геодетски, геотехнички и други теренски снимања и проспекции.

Сончевите ќелии немаат негативно влијание врз почвата. Единствена негативна страна во однос на почвата е што зафаќаат голема површина за да се инсталира капацитет што би осигурал доволна количина на електрична енергија. Притоа, почвата што се наоѓа под ќелиите не може да се обработува (освен ако се високо монтирани).

Согласно Законот за управување со отпад создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

- Тврдиот отпад ќе се собира во контејнери, а потоа комуналното претпријатие ќе врши евакуација;
- Трајното депонирање или одлагање на отпадот во планираниот опфат или надвор од предвидените садови за одлагање да биде најстрого забрането.

За намалување на влијанијата врз почвата се предлагаат следните елементи:

- интегрално управување со комуналниот отпад и негова селекција;
- изведба на канализациона мрежа;
- собирањето на отпадните води да се врши преку канализациони цевки и пред да се испуштат да се изврши нивен третман.

За чиста и незагадена почва треба да се обезбеди поголема контрола при употребата на средствата, материјалите и суровините кои ќе се користат во прометот и работењето на објектите во зоната.

- Мерки за намалување на влијанијата врз флората и фаунатa

Во планирањето на просторот, задачите на заштита на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на природата и животната средина, санирање на можните штети и повторно воспоставување на природната средина. Заштитата на природата ја опфаќа и заштитата на биолошката разновидност.

Што се однесува до изработката на планот заради обезбедување на здрава животна средина ќе бидат организирани објекти согласно прописите, нормите и стандардите кои ќе придонесе за заштита на воздухот, водите, земјиштето и другите елементи на животната средина и природа, со максимална заштита на природните вредности и реткости во планскиот опфат.

Основен услов за намалување на влијанијата врз флората и фауната се примената на предвидените мерки за правилно управување со просторот, отпадните води, отпадот, бучавата, почвата, воздухот и сл.

Доколку при изградба или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природното наследство кои можат да бидат загрозени со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се превземат следните мерки на заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на деловите прогласени и предложени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

- Мерки за намалување на влијанијата врз пределот

Предвидените активности во планската документација ќе бидат во насока на зачувување и подобрување на естетските потенцијали на пределот. Планската реализација со обезбедување на заштитни појаси со високо и ниско зеленило само ќе го надополни пределот во позитивна смисла. Затоа не се предвидени никакви мерки.

- Мерки за намалување на влијанијата врз материјалните добра

Имплементацијата на планскиот документ има позитивно влијание врз материјалните добра и затоа не се препорачуваат мерки за влијанијата.

- Мерки за намалување на влијанијата врз културното наследство

Согласно Законот за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19) се уредуваат видовите, категориите, идентификацијата, начинот на ставање под заштита и другите инструменти за заштита и користењето на културното наследство, правата и должностите на имателите и ограничувањата на правата на сопственост на културното наследство во јавен интерес.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдениот локалитет со културно наследство и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите, како и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно - историска димензија и нивна соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштитата на недвижното културно наследство.

Согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15 и 193/15) културното недвижно наследство во просторните и урбанистички планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационо ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

- Мерки за намалување на влијанијата од управување со отпад

Согласно Законот за управување со отпад создавачите на отпад се должни во најголема мера да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Во случај на истекување на масло од механизацијата на околното земјиште, загадената почва да биде отстранета и соодветно дислоцирана, согласно законските прописи од областа на управувањето со отпадот.

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци, определување на пунктови за собирање на отпадот.

- Во оперативната фаза на планираните објекти, градежниот отпад да се собира, селектира и истиот кој ќе нема употребна вредност да се

превземa од страна на комуналното претпријатие или овластено правно лице;
- Комуналниот отпад да се собира во контејнери, а потоа комуналното претпријатие да врши евакуација;
- Трајното депонирање или одлагање на отпадот во планираниот опфат или надвор од предвидените садови за одлагање да биде најстрого забрането.

Задолжително е организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем. Заменетите соларни панели, треба да се спакуваат и означат правилно, а потоа да се предадат на компанија која ќе ги реупотреби, рециклира или третира и одложи на локација соодватна за таа намена.

Овие елементи ќе овозможат спречување на загадувањето на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работната средина воопшто.

- Мерки за намалување на влијанијата од несреќи и хаварии

За намалување на можните влијанија предизвикани од несреќи и хаварии се препорачува имплементација на мерките дадени во планската документација, во фазата на изградба, што ќе овозможат минимизирање на евентуалните појави за несреќи и хаварии во оперативната фаза.

- Мерки за заштита и спасување

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од техничко-технолошки катастрофи е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина. Притоа основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот се:

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може да се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;

- вградување на мерките на кои се засновува организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- интегрирање на елементите на загрозеноста во рамките на комплексот, на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокатa животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

- Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките катастрофи.
- Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии.
- Трето ниво: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисол на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.
- При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид изработката на соодветни планови и програми за заштита, едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

- Мерки за заштита од пожар

Мерката заштита од пожари ќе се применува при изработка на Основниот проект за предвидените објекти, а согласно намената ќе се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари експлозии и опасни материи согласно Законот за заштита и спасување („Сл. весник на РМ" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11 и 41/14), Законот за пожарникарство („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 81/07, 55/13 и 158/14) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област. Громобранската инсталација ќе се реши со архитектонско-урбанистичките проекти за секој објект посебно со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

Ширината, носивоста и проточноста на пристапните патишта треба да овозможи пристап на ПП возила до објектите и нивно маневрирање.

Објектите треба да се градат од несогорливи материјали со отпорност на конструктивните елементи согласно дадените нормативи.

- Мерки за заштита од природни катастрофи

Подрачјето на планскиот опфат е сеизмичко активно со интензитет од 7 до 8 степени според Меркалиевата скала. Поради тоа е неопходна примена на соодветната нормативно-правна регулатива при проектирањето и изведбата на објектите.

За заштита од огнени стихии потребно е да се превземат соодветни мерки за заштита од пожари.

Се препорачува на инвеститорот да во целост да ги почитува одредбите предвидени со Законот за безбедност и здравје.

Другите елементи за противпожарна заштита ќе се утврдат со посебниот елаборат за противпожарна заштита како составен дел на Основниот проект.

9. План на мерки за мониторинг на животната средина

За изработка на ефективен план за управување, неопходно е најнапред да се спроведе оцена на статусот на сите природни вредности вклучувајќи го и здравјето на човекот. Во следниот чекор се определуваат цели и приоритети за управување. Дали превземените мерки и активности ги даваат посакуваните резултати се утврдува преку континуиран мониторинг. Податоците од мониторингот ќе бидат основа за изработка на следниот план за управување. Според тоа, мониторингот е составен дел од кружниот процес на планирање на управувањето.

Основни цели на планот за мониторинг се:

- Подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард;
- Заштита на животната средина со имплементација на Планот;
- Одржување на постојано ниво на флора и фауна;
- Подобрување на квалитетот на воздухот;
- Зачувување на кавалитетот на почвата;
- Минимизирање на отпадот и негова селекција;
- Минимизирање на појави од несреќи и хаварии.

Сепак, тоа најчесто се постигнува низ осмислени научни истражувања чија главна цел е да ги опишат процесите на екосистемите вклучувајќи ги и законите кои влијаат врз нив.

Еколошкиот мониторинг се однесува на последователни мерења во екосистемите со главна цел определување на трендови во компонентите, процесите или функциите.

Со секој предлог мерки за заштитата на животната средина потребно е да се изготви план за мониторинг на предложените мерки и мониторинг на животната средина. Во современото планирање на просторот, задачите на заштита на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на природата и животната средина, санирање на можните штети и повторно воспоставување на природната средина.

Што се однесува до изработката на УПВНМ за индустриска зона Ново Село, во м.в. Кошутица, КО Ново Село-вон г.р., општина Ново Село, особено треба да се има во предвид близината на обработуваниот простор. Доколку при изработка на планот и уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природни реткости кои може да бидат загрозени потребно е да се преземат мерки за заштита согласно Законот.

Планот на мониторинг предвидува следење на следните параметри во животната средина:

- Следење на квалитетот и квантитетот на водите;
- Следење на квалитетот на водите;
- Следење на квалитетот на почвата;
- Следење на бучавата.

Со овој план ќе се овозможи:

- Потврда дека договорените услови при одобрување на проектот се соодветно спроведени;

- Управување со непредвидени влијанија и промени;
- Потврда дека влијанијата врз медиумите на животната средина се во рамките на предвидени или дозволени гранични вредности;
- Потврда дека со примена на мерките се врши заштита на животната средина, односно намалување на негативните влијанија.

10. Нетехничко резиме

Со самото реализирање на оваа планска задача се добиваат податоци за почвата, воздухот, водата, климатските фактори, населението, здравјето на луѓето, материјалните добра и др. и се создаваат услови за изнаоѓање на причините врз основа на која се одбираат алтернативите и се предвидуваат мерки за заштита и намалување на негативните влијанија. Со идентификацијата на можните проблеми треба да се рационализираат трошоците и да се направи најсоодветен избор на мерките за заштита на животната средина. Резултатот од учеството на јавноста треба да се земе што е можно повеќе. Преку реализација на планскиот опфат доаѓа до подобрување на економските услови преку отварање на нови работни места, односно ќе се создадат услови за економско ангажирање на населението, а со самото тоа воспоставување на предуслови за одржлив економски развој.

Предмет на овој извештај е изработка на УПВНМ за индустриска зона Ново Село, м.в. Кошутица, КО Ново Село-вон г.р., општина Ново Село за изградба на објекти за лесна и незагадувачка индустрија, комунална супраструктура (градби за производство на енергија и трафостаница) и некомпатибилна инфраструктура (пречистителна станица), по барање на инвеститорот.

Цел на планот е да се создадат услови за планирање на организирани простори за градба кои ќе бидат реализирани од страна на сопствениците на земјиштето и локалната самоуправа.

Мотивот за изработка на овој УПВНМ за овој простор е:

- Конкретни инвеститори со конкретна програма за реализација;
- Природни услови и атрактивност на просторот;
- Цел на локалната самоуправа да го урбанизира и анимира просторот.

Предметниот плански опфат за кој се изработува УПВНМ претставува површина со планиран опфат од 29,38 ха.

За предметниот простор досега не е изработувана планска документација. Овој простор за прв пат се урбанизира и истиот се базира на веќе изработените Услови за планирање на просторот од 2015 година.

Со планираната изградба на предвидените објекти на предметната локација се создаваат нови вредности на поширокиот опфат кој го опфаќа локалитетот, со кои се забрзува економскиот развој на овој дел од општина Ново Село.

Просторот што е предмет на инвентаризација е составен од 1 (еден) дел, чија граница е определена:

- На север по надворешната северна страна на планираната индустриска улица "2", ги сече КП бр. 4077/1 и КП р. 4078/2;
- На исток по источната страна на КП бр. 4078/2, КП бр. 4080 и КП КП бр. 4081/1;
- На југ по северната страна на КП бр. 4083/2, КП бр. 4081/3, КП бр. 4078/4, КП бр. 4084/2, КП бр. 4078/3, ги сече КП бр. 4078/1, КП бр. 6197 и КП бр. 4094, северната страна на КП бр. 6198, КП бр. 4097, КП бр. 4098, КП бр. 4100, КП бр. 4101, КП бр. 4102 и КП бр. 4103;

- На запад по источната страна на КП бр. 4111, КП бр. 4107, КП бр. 4110 и КП бр. 4104, северната страна на КП бр. 4105 и КП бр. 4104 и по источната страна на КП бр. 4070/1; се до појдовната точка на опфатот.

Делот од планскиот опфат содржи број на катастарски парцели. Делот од планскиот опфат и катастарските парцелите се нумерирани (обележани). Во рамки на планскиот опфат кој е со површина од 29.38 ха, односно 293768.66м^2, има евидентирани објекти. Истиот претставува дел градежно неизградено земјиште-НЗ, дел изградени објекти со намена Г4-стоваришта.

Г4-стоваришта, складови и отпади

Во рамките на планскиот опфат има изградени објекти со намена Г4-стоваришта во многу лоша состојба. Истите зафаќаат површина од 50759.51м^2 од површината на планскиот опфат или 17.28%.

Е1.1 Сообраќајни патни инфраструктури

Во рамките на планскиот опфат има земјен коловоз - постоен пристапен пат за пристап до катастарските парцели и истиот зафаќа 2662.23м^2 од површината на планскиот опфат или 0.91%. Земјениот коловоз - постоен пристапен пат се надоврзува на локалниот асфалтиран пат кој го поврзува село опфатот со село Ново Село.

Неизградено земјиште

Останатиот дел од планскиот опфат е неизградено земјиште со вкупна површина од 238803.92м^2 или 81,29% од територијата во границите на планскиот опфат.

Според податоците добиени од Министерство за Култура со бр. 17 - 1796/2 од 04.06. 2020 година, и дописот бр. 08 - 257/3 од 02.07. 2020 година добиен од НУ - Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Струмица, констатитрано е дека на подрачјето на планскиот опфат нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Во предметниот плански опфат нема зеленило кое претставува заштитно природно наследство.

До предметниот плански опфат нема водоводна инфраструктура.

До предметниот плански опфат нема фекална канализација.

До предметниот плански опфат нема атмосферска канализација.

Од електро-енергетски мрежи и објекти евидентирано е 10(20)кВ далновод, чија траса поминува низ планскиот опфат.

Во планскиот опфат нема постоечка трафостаница која ќе ги опслужува објектите во планскиот опфат.

Во планскиот опфат нема изведено јавно осветлување.

Во рамките на планскиот опфат има земјен коловоз - постоен пристапен пат за опслужување на катастарските парцели.

Според податоците добиени од вМакедонски телекомг АД Скопје, од 03.06.2020 година, на предметниот локалитет има постојни телекомуникациски инсталации.

Во границите на планскиот опфат не постои изградена вреловодна мрежа.

Во границите на планскиот опфат нема изградена гасоводна мрежа.

Од анализата на постојната состојба произлегува:

- планирање на градежни парцели и површини за градење со урбанистички параметри во склад со зададеното со Условите за планирање на просторот за изработка на УПВНМ.
- употреба на инструментите на алтернативност, компатибилност и комплементарност за обезбедување на диверзификација на намените - планирање на соодветна инфраструктура и комунална супраструктура со која непречено ќе се опслужуваат сите планирани содржини во просторот и
- задоволување на потребите на крајните корисници на просторот до мерка до која нема да се загрози општото добро.

Урбанистичкиот план со доследна примена на актуелната законска и подзаконска регулатива, треба да предложи развој што ќе овозможи подобар степен на искористеност на градежното земјиште и можност за планирање на просторот (организација, уредување и изградба на објекти).
Во границите на планскиот опфат според системот на класи на намени, предвидени се следните класи на намени:
Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА
Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
Е - ИНФРАСТРУКТУРИ
Е1 - Сообраќјни, линиски и други инфраструктури,
Е1.6 - Канализациони инфраструктури - пречистителна станици,
Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија (трафостаници) и
Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани
Д - ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ
Д1 - Парковско и пејзажно зеленило.

Предвидениот концепт се надоврзува на намените што ги предвидуваат со Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија 2002 - 2020, изработени од страна на Агенцијата за планирање на просторот и за кои од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање е издадено Решение за Услови за планирање на просторот. Планирани се градежни линии и рамковни површини за градење и урбанистички параметри за истите согласно членовите 99, 100, 101, 102, 103, 104, 105, 106 и 107 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22, 219/21 и 104/22). Висините на градбите се планирани согласно членовите 118,119,120, 121, 122 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22, 219/21 и 104/22) и се одредени за секоја површина за градба - градежна парцела поединечно. За одредување на процентуалната застапеност на зеленило во рамките на градежните парцели, потребно е да се задоволи член 20 од Законот за урбано зеленило („Сл. Весник на РМ" бр. 11/18 и 42/20).

Со планот се утврдени следните основни класи на намени:
Г - РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА
Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија 4.55 ха
Д - ЗЕЛЕНИЛО, РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ
Д1 - Парковско и пејзажно зеленило 11.86 ха
Е - ИНФРАСТРУКТУРИ
Е1 - Сообраќјни, линиски и други инфраструктури 1.51 ха

Е1.6 - Канализациони инфраструктури - пречистителна станици 0.041 ха
Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија (трафостаници) 0.014 ха и
Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани 11.24 ха.

Во рамки на планскиот опфат планирани се градежни парцели со класа на намена Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани и за истите не се планирани компатибилни класи на намена, додека планирана е комплементарна каса на намена:
- Е1.1- Сообраќајни и патни инфраструктури.

За градежните парцели со класа на намена Г2- Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија се предлагаат следните компатибилни класи на намена:
- Б4.1 - Деловни згради со канцеларии;
- Г4.1 - Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока;
- Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани.

За класата на намена Е1.6 - Канализациони инфраструктури - пречистителна станици не се предлага примена на компатибилна класа на намена.

За класата на намена Д1 - Парковско и пејзажно зеленило не се предлага примена на компатибилна класа на намена.

При уредувањето на просторот водено е сметка за негова рационална искористеност да не се наруши хуманизацијата на просторот што е постигнато со диспозиција, површина, катност и висина на објектите. Истите се планираат со катност која ќе се дефинира во зависност од технолошкиот процес и максимална висина на венец од H=9,00м, односно H=15,00м.

Инфраструктурата ја дефинираат следните водови:

- Улична мрежа;
- Водоводна мрежа;
- Канализациона мрежа;
- Електрична мрежа.

Основните предности на опфатот се што се наоѓа во близина на градот Струмица, сообраќајно добро поврзан со градот и со околните регионални и магистрални патишта.

УПВНМ за индустриска зона Ново Село, м.в. Кошутица, КО Ново Село-вон г.р., општина Ново Село, овозможува сообраќајно
поврзување до секоја градежна парцела, односно објект, како и максимално почитување и усогласување на катастарските со градежните парцели.

Пристапот до градежните парцели во планскиот опфат е обезбеден преку новопланираните улици. Потребите за паркирање ќе се решаваат во рамките на сопствената градежна парцела, согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ” бр. 225/20, 219/21 и 104/22). Обезбедувањето на потребен број на паркинг места треба да биде основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ” бр. 225/20, 219/21 и 104/22).

Во опфатот кој е предмет на изработка на УПВНМ за индустриска зона Ново Село, м.в. Кошутица, КО Ново Село-вон г.р., општина Ново Село, се опфатени: М6 (А4м) автопат изграден како магистрален пат, СЕРВИСНА УЛИЦА 1, ИНДУСТРИСКА УЛИЦА 2, и ИНДУСТРИСКА УЛИЦА 3.

М6 (А4м) 1

Постојниот М6 (А4м) автопат изграден како магистрален пат поминува од јужната страна на самиот опфат и е со вкупен профил од 6.00м (2х3.00м-коловоз).

Сервисна улица 1

Новопланираната сервисна улица 1 поминува низ самиот плански опфат и е со вкупен профил од 11.80м (2х3.50м-коловоз+2х2.40м-тротоар)

Индустриска улица 2

Новопланираната индустриска улица 2, граничи со самиот опфат од северната страна и е со вкупен профил од 11.80м (2х3.50м-коловоз+2х2.40м-тротоар)

Индустриска улица 3

Новопланираната индустриска улица 3 поминува низ самиот опфат од северната страна и е со вкупен профил од 11.80м (2х3.50м-коловоз+2х2.40м-тротоар).

Стационарниот сообраќај се решава во склоп на градежните парцели согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22).

Од анализата на постојната состојба констатирано е дека во предметниот опфат не постои примарна водоводна мрежа. Просторот на кој се предвидува изградба на индустриска зона Ново Село на м.в. Кошутица, КО Ново Село, општина Ново Село, припаѓа на водостопанското подрачје (ВП) Струмичко Радовишко кое го опфаќа сливот на реката Струмица од изворот до Македонско Бугарската граница. Водоснабдувањето во планскиот опфат ќе се врши преку постоечката општинска водоводна мрежа (Ново Село). Водоснабдувањето на новопредвидените објекти се предвидува со приклучување на планираната водоводна мрежа, со изградба на примарна и секундарна водоводна мрежа. Водоснабдителната норма треба да изнесува 300 л/ден/жит.

По однос на канализацијата, на самиот локалитет не постои изведена инфраструктура. Со планското решение се предвидува изградба на сепаратен систем на канализација, т.е. посебна канализациона мрежа за атмосферски води како и посебна канализациона мрежа за фекалната канализација. При проекција, одделните канализациони системи условени се од надморска висина на локалитетот, од положбата во однос на реципиентот и од експозицијата на теренот. Со проекција на хидротехничката инфраструктура се предвидува генерално решавање на фекалната канализација, која ќе се состои од новопланирана канализациона мрежа. Количината на отпадните води ќе се пресмета како 80% од потребната вода зголемена за 20% од инфилтрација на подземни води. Канализационата мрежа ќе се состои од армирано-бетонски канализациони цевки со Ф>250-400 и армирано-бетонски ревизиони шахти. Новопланираната фекална канализација се планира да се приклучи на постоечката пречистителна станица за отпадни води. Падовите на новопредвидената фекална канализација се движат од 2-3%, кои детално

ќе се дефинираат со изработка на главни проекти. Димензиите преку хидрауличка пресметка со точно познати количини на отпадни води ќе се дадат во наредните Основни проекти.

Канализационата мрежа се состои од армирано-бетонски канализациони цевки и ревизиони шахти. За минимален пречник е усвоен Ф 250. Истата се предвидува да се приклучи на планираната пречистителна станица, а потоа како пречистена отпадната вода се носи кон рецепиентот - реката Струмешница која поминува на околу 400м од јужната страна на опфатот.

Проекцијата на атмосферската канализација, предвидува сепаратен канализационен систем на одвод на атмосферски отпадни води, кој ќе се состои од посебни канали. Атмосферската канализација ќе ги евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, од површините на улиците и зелените површини.

Канализационата мрежа се состои од армирано-бетонски канализациони цевки и ревизиони шахти. За минимален пречник е усвоен Ф300. Истата се предвидува да се приклучи на планираната пречистителна станица, а потоа како пречистена отпадна вода се носи кон реципиентот-реката Струмешница која поминува на околу 400м од јужната страна на опфатот.

Низ југоисточниот дел на опфатот поминуваат две мали реки кои во поголемиот дел од годината се со суво корито, а во истите има доток на вода само при енормно високи врнежи. Истите се вливаат во реката Струмешница која поминува на околу 400м од јужната страна на опфатот. Со површинските води треба да се управува на начин кој обезбедува заштитата на водите.

На делот од планскиот опфат кој треба да се реализира , квалитетот на постојната електро-енергетска и телефонска инсталација не ги задоволува критериумите за урбана градска средина. Електричната мрежа и потребата од едновремена електрична снага за новопредвидените објекти се димензионира према следните електроенергетски параметри со напомена дека се предвидени максимални површини за градба и тоа претставува максимален капацитет на просторот во моментот.

Се предлага да се планираат мин. три трафостаници кои ќе бидат поставени во посебни градежни парцели. Предвидените објекти со електрична енергија Ќе се напојуваат од планираните трафостаници преку планираните нисконапонски подземни кабловски водови. Планираните Трафостаници се во самиот плански опфат кој е предмет на анализа. Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа ќе се определи и ќе се развива во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на Инфраструктурни проекти за електрична мрежа од страна на стручните служби на ЕВН Македонија АД Скопје. Нисконапонско приклучување на предвидените објектот ќе биде кабловско.

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектите кои егзистираат на подрачјето за кое се предвидува изградбата на објекти за домување и објекти за мали комерцијални и деловни намени, затоа при димензионирањето на телефонската мрежа се поаѓа од принципот на секој објект да му припаѓа мин. еден телефонски приклучок. Поврзувањето на

телефонски потрошувачи ќе се изврши во согласност со Македонски Телеком АД Скопје и Агенцијата за електронски комуникации

Во извештајот за Стратегиската оцена за животна средина се земени се детали од планот, програмите и стратегиите, како и информациите кои се утврдени при изготвувањето, а се од особено значење за можните влијанија за животната средина.

Извештајот на овој плански документ ги опфаќа податоците за:

- Постојната состојба на планскиот опфат;
- Потенцијалните влијанија врз населението, здравјето на луѓето, флората, фауната, почвата, воздухот, водата, климатските фактори, материјалните добра, културното наследство и др.
- Мерките за заштита и намалување на влијанијата;
- Состојбата на животната средина без имплементацијата на планот;
- Планот за мониторинг на животната средина.

За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува:

- Селектирано и организирано депонирање на отпадот во депонија;
- Зачувување на амбиенталните и естетските потенцијали на просторот;
- Изградба на современа инфраструктура;
- Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација, како и да ја стави во функција животната средина во состојба како пред оштетувањето;
- Спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство;
- Доследно спроведување на планот.

Во поглед на озеленувањето, да се планираат соодветни профили на дрвореди покрај објектите кои можат негативно да влијаат на квалитетот на животната средина. Изборот на зеленило треба да се усогласи со условите за заштита и негова намена. Диспозицијата на високите дрвја да биде усогласена со трасите на подземните инсталации, додека изборот на видот на озеленувањето да биде во согласност со условите во работната средина, односно способноста на повеќе апсорпција на штетни гасови и кои немаат посебен третман за одржување.

Во поглед на создавање на отпад, бучава, загадување на воздухот, загадување на почвата од работата на трафостаниците, подетална анализа ќе се разгледа во понатамошните фази преку изработката на студиите за Оценка за влијанието на животната средина или елаборатите за заштита на животната средина што се законска обврска.

Со третман на санитарно-отпадните води ќе се врши пречистување пред нивно испуштање во реципиентот со што ќе се заштити животната средина од еколошки аспект. За правилно работење на пречистителната станица потребно е да се изведе одделна канализациона мрежа и тоа:

- Канализациона мрежа од санитарна вода;
- Атмосферска мрежа од кровови на објекти;
- Атмосферска мрежа од улици, паркинзи и манипулативен простор со завршно пречистување во маслофаќач.

Основни критериуми од аспект на заштитата на водите согласно Законот за водите (Службен весник на Република Северна Македонија број 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и Службен весник на Република Северна Македонија број 151/21); согласно кои треба да биде изготвена проектна документација се следните:

- Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, езерата и акумулациите, се забранува изградба на постројки и објекти во крајбежните земјишта освен со водостопанска согласност;
- Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките;
- Местоположбата на постројките и објектите треба да биде надвор од крајбрежниот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирање на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци, а во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определува советот на општината, по предлог на градоначалникот на општината, по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
- Заради заштита и спречување од оштетувања на водостопански објекти и постројки, се забранува да се копаат и дупчат бунари на растојание помало од 20 метри од ножицата на одбрамбените насипи;
- Изведувањето на водостопанските објекти и постројки да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, при лагодени на научно - техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците;

Објектите и постројките кои што во процес на производство, преработка, полнење и складирање, користат или применуваат опасни материи и супстанци што можат да влијаат врз квалитетот на водата, вклучувајќи и цевководи за транспорт на такви материи и супстанции, се градат, поставуваат, работат и одржуваат на начин што исклучува секакво директно и индиректно загадување на подземните и површинските води;

- Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од објектите според уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води;
- Да се превземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции;
- Во графичкиот прилог дефинирани се експлоатационите полиња околу каптираните извори и бунари со димензии 10x10 со центар во истите;
- Во графичките прилози дефинирани се заштитните појаси на водозафатните објекти, појас во широчина од 50 м од центарот на истите;

Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, се забранува:

- да се вади песок, чакал и камен од речното корито за да не дојде до влошување на постојаниот режим на водите, и да се предизвика ерозија или се оневозможи користење на водите;
- да се менува правецот на водотекот без согласност на Министерството за животна средина и просторно планирање;

- да се фрла отпаден материјал (комунален, индустриски отпад, земја, шут, јаловина и др.);
- да се сечат дрва и друга вегетација од коритата и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите без одобрение;
- изградбата на постројки и објекти или било кои работи и активности што опфаќаат преработка, постапување, складирање, отстранување или транспорт на опасни материи, супстанции и цврст или течен отпад;
- да се копаат прокопи и канали по должината на насипот на коритото поблиску од 10 м од внатрешната страна и 10 м од надворешната страна на ножицата на насипот.

Во понатамошната постапка за издавање на одобрение за градење изготвената
архитектонско градежна проектна документација која се наоѓа во крајбрежниот појас во
широчина од 50 метри подлежи Согласно Законот за води Министерството за животна средина и просторно планирање на издавање на Водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти кои што поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои може да влијаат врз режимот на водите, како и Дозвола за користење, односно Дозвола за испуштање на отпадните води на правни и физички лица, вклучувајќи ги и органите на државната управа и општините кои испуштаат отпадни води или испуштаат или фрлаат материи и супстанции во реципиентите, под услови и на начин утврдени со законот за водите.

Треба да се земе во предвид и анализата на алтернативи од која се прави аспект за избор на најдобро решение за намена на локацијата заедно со нејзината економска оправданост, идеен развој, финансиски можности и заштита на животната средина.

Кога станува збор за мониторинг за животната средина се дава можност за испитување, оценување и системско набљудување на загадувањето и состојбата на медиумите во животната средина како и идентификација и регистрација на изворите на загадување. Планот на мониторингот претставува алка помеѓу сите вклучени страни и претставува основа за надлежните институции во кој ќе го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат одлуки.

Најголем бенефит во спроведувањето на стратегиската оцена на животната средина е во вклучување на аспектите од полето на социјалата, економијата и животната средина, меѓусебната соработка, развој на регионалните цели и целите за одржлив развој и заштита на животната средина и луѓето.

11. Прилози

Листа на национална законска регулатива

1. Закон за животна средина („Сл. Весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18)) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22);
2. Уредба за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 74/05);
3. Уредба за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапката за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ" бр. 153/07);
4. Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 153/07);
5. Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето („Сл. Весник на РМ" бр. 144/07);
6. Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 147/08);
7. Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18 и 32/20);
8. Законот за квалитет на амбиентниот воздух („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11 и 100/12-пречистен текст, 10/15 и 146/15);
9. Правилник за критериумите, методите и постапките за оценување на квалитетот на амбиенталниот воздух („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04);
10. Закон за водите („Сл. Весник на РМ" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 151/21);
11. Уредба за класификација на водите („Сл. Весник на РМ" бр. 18/99);
12. Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води („Сл. Весник на РМ" бр. 18/99 и 71/99);
13. Уредба за класификација на водите („Сл. Весник на РМ" бр. 18/99);
14. Закон за отпад („Сл. Весник на РМ" бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16, 63/16 и 31/20) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 31/20 и 216/21);
15. Листа на отпади („Сл. Весник на РМ" бр. 100/05);
16. Закон за заштита од бучава во животната средина („Сл. Весник на РМ" бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15 и 63/16) и (Сл. Весник на РСМ бр. 151/21);

17. Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава („Сл. Весник на РМ" бр. 64/93);
18. Закон за заштита на културното наследство („Сл. Весник на РМ" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19);
19. Закон за заштита на природата („Сл. Весник на РМ" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 63/16 и 113/18) и („Сл. Весник на РСМ" бр. 151/21);
20. Закон за безбедност и здравје при работа („Сл. Весник на РМ" бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15, 30/16 и 27/18).

Листа на релевантни ЕУ директиви

Директиви на ЕУ ипфатени во Национална стратегија за апроксимација во животната средина (2008). Релевантни се и нивните измени и дополнувања:

1. Рамковна директива за отпад (2006/12/ЕС)
2. Рамковна директива за квалитет на амбиентен воздух (96/62/ЕС), дополнета со Регулативата (ЕС) 1882/2003
3. Рамковна Директива за вода (2006/60/ЕС) дополнета со Одлуката 2455/2001/ЕС
4. Директива за Стратешка оцена на животна средина (2001/42/ЕС)
5. Директива за пристап на информации за животната средина (2003/4/ЕС)

Додаток

Известувања

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Општина Ново Село, на ден 25.09.2023 година, донесе

Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ УПВНМ за индустриска зона Ново Село, во м.в. Кошутица, КО Ново Село, општина Ново Село, кој го донесува Совет на општина Ново Село потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ УПВНМ за индустриска зона Ново Село, во м.в. Кошутица, КО Ново Село се определуваат следните: општина Ново Село, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, ЕВН, Министерство за транспорт и врски, Министерство за економија.

3. За планскиот документ УПВНМ за индустриска зона Ново Село, во м.в. Кошутица, КО Ново Село, за чија изработка е одговорно ДООЕЛ Нимаер Струга-д.е. Скопје, а го донесува Советот на општина Ново Село, донесувањето на планскиот документ УПВНМ за индустриска зона Ново Село, во м.в. Кушутица, КО Ново Село ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземните и површинските води, влијание врз почвата, влијание по однос на генерирање на комунален и градежен отпад и влијание од несреќи и хаварии.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Ново Село на следната веб адреса/и: www.novoselo.gov.mk

Бр. _____
Место Општина Ново Село

ОПШТИНА НОВО СЕЛО
Бр. 09-2329/1
25.09.2023 год.
Ново Село

Име и презиме
Градоначалник
Ѓорѓе Божинов

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Арх. бр.УП1-15 2081/2023

Дата: 09-10-2023

Арх. знак
Рок на чување
20 год
Потпис

До: Општина Ново Село
С. Ново Село
2434 Ново Село
Република Северна Македонија

Предмет: Известување
Врска: ваш бр. 09-2329/3 од 25.09.2023 год.

Почитувани,

Во врска со Вашето барање доставено до Министерство за животна средина и просторно планирање - Сектор за просторно планирање под **бр.УП1-15 2081/2023 од 27.09.2023 год. поврзано со постапка за носење на планска документација УПВНМ за индустриска зона Ново Село, во м.в. Кошутица, КО Ново Село – Општина Ново Село,** Ве известуваме дека согласно Законот за животната средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22) Вашата Одлука за спроведување на Стратегиска оцена за влијание на животната средина бр.09-2329/1 од 25.09.2023 год. и формуларот бр. 09-2329/2 од 25.09.2003 год., Министерството за животна средина и просторно планирање ги **прифаќа.**
Одлуката заедно со формуларите задолжително се објавуваат на веб страната на органот кој го подготвува и носи планскиот документ.

Со почит,

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје
Shkup Ministria e Mjedisit Jetësor Planifikimit Hapësinor Republika e Maqedonisë së Veriut

МИНИСТЕР
Каја Шукова

Изработил: Зарије Абази

Одобрил: Дајана Марковска Ристеска

Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Користена литература

- Просторниот план на РМ, 2004;
- Планска документација за УПВНМ за индустриска зона Ново Село, во м.в. Кошутица, КО Ново Село-вон г.р., општина Ново Село;
- Директива за стратегиска оцена на животна средина (2001/42/ЕС);
- Домашни и меѓународни документи, планови, програми и стратегии;
- Достапни искуства и практики.